**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 септември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,09 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Почитувани колеги продолжуваме со работа по Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Иван Анастасовски, Благој Зашов, Бесим Догани, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, Љубисав Иванов Ѕинго, Јани Макрадули, Игор Ивановски, Весна Бендевска, Никола Ќуркчиев, Верица Филипова, Тале Герамитчиоски, Радмила Шекеринска, Фазли Велиу, Агрон Буџаку, Садула Дураки, Илинка Митрева, Данаил Дончев и Абдуладии Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Претходно за процедурални интервенции се јавија 4 пратеници.

Повелете госпоѓо Грковска, вашите три минути за процедурална интервенција.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе, мојата забелешка е упатена до вас.

Имено, познато ви е, а и на целокупната јавност и е познато дека половина година опозицијата и пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз инсистира законите кои што се со знакчето на Европската унија да добијат приоритет и да има посебен договор на начинот на кој ќе се донесат во Собранието, а дневниот ред да не се оптоварува со прашања кои што во овој момент не се приоритетни за Република Македонија.

Меѓутоа, за жал, вие го игнориравте нашето барање во изминатата половина година, затоа сега ве замолувам да го увачите барањето на премиерот кој што вчера го соопшти, а тоа е да дадете приоритет на законите кои што овозможуваат реформи кои што ќе не приближат до Европската унија и НАТО и да ја прекинете денешнава седница сега, во овој момент, со цел да ја постигнеме целта, за која што сите сме се залагале, а тоа е побрзо започнување на преговорите со Европската унија и исполнување на критериумите за влез во НАТО.

Значи, ве замолувам да го уважите барањето на премиерот, да дадете приоритет на законите од реформските приоритетни прашања за Република Македонија, да ја прекинете денешната седница овде и да ја ставите на дневен ред седницата, која што има европски закони на дневен ред. Имајќи предвид дека на денешната седница, ниту една точка не е со знакчето на Европската унија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете само да одговорам кратко. Како што е општо познато, ние се договоривме за приоритетите и првиот став од вашето тврдење е сосема точен, дека се договоривме да дадеме предност на законите од европски карактер.

Вториот дел не е точен. Не е дека ставаме непотребни работи. За тоа не сме се договориле затоа што не сме можеле. Што е потребно и што не е потребно од предлозите вон европската агенда, тука е имено и спорот, класичниот спор, меѓу секоја опозиција и секоја позиција во секој парламент. Според тоа, за тоа не може да стане збор. Не може да се договориме. Ако се договориме за тоа значи сите сме во една Влада. Значи, тоа е првото.

Второ, како што знаете од приложените важи, од неколку седници што беа, тоа се почитуваше во рамките на она со што ние располагаме. За ден или два, службите работат на дефинитивниот број на европски закони, кои ни остануваат за решавање. На бројот кој се европски закони заостанати по агендите од неколку прекинати седници и после тоа навистина ќе знаеме што е нашата агенда за европски закони. Вие знаете дека чинам две агенди, две седници дојдоа со исклучиво европски закони. Значи, тука не се работи за тоа. Инаку, она што вие го цитирате за премиерот, тоа не е моја обврска деловничка да го послушам премиерот. Благодарам.

Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, во текот на вчерашниот ден, околу Парламентот беа забележани близу стотина припадници на специјалните полициски единици. Сметав дека е тоа заради присуството на премиерот и разговорите што ги водеше во претседателскиот кабинет, но денеска ги видов и сите тие специјалци уште побројни дека се овде да го штитат Парламентарниот дом од средношколските протести. Значи, не сакајќи политички да манипулирам со протестите на средношколците, ве повикувам вас како патер фамилија, како бонус патер фамилија да се погрижите полицијата да ги повлече специјалните единици, затоа што сакам кај вас да се пробуди чувството на родител. Бидејќи меѓу другото, јас не можам да си ја извршувам својата пратеничка функција, додека не сум сигурен дека мојот постар син, кој е матурант, кој заедно со другите го изразува своето право, слободно да го изрази своето мислење е соочен да се гледа очи во очи со стотина специјалци, кои не знам од кого не бранат.

Верувам дека како докажан демократ, затоа што една таква идеја имаше во претходниот парламентарен состав, тоа сакаше да го направи веројатно Никола Поповски, да бидете вие домаќинот и во Парламентот и околу

Парламентот. Нема никаква потреба од толку силни полициски сили да не бранат нас пратениците од средношколците и од нивно изразување на незадоволство. Очекувам дека многу брзо ќе реагирате, ќе стапите во контакт со министерот за внатрешни работи и ќе бидат повлечени овие силни полициски сили. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Слободан Најдовски, повелете.

(Господинот Бучковски зборува од место)

**Љубиша Георгиевски:** Ќе го разгледам тоа прашање, се отстранува, се отстранува...

Ве молам, ве молам, се е во ред, дали треба да се гласа или не треба, знаеме, знаеме ...

Јас сум должен да одговарам на секоја процедурална интервенција деловнички, бидејќи ова не е деловнички ова е инцидент еден, инцидентално и ќе видиме како е. Јас не сум ги броел специјалните единици, вие сте ги избориеле дека се 100, јас ќе излезам надвор сега ќе дадам пауза, ќе ги пребројам, па ќе разговараме.

Повелете господине Најдовски, немојте ве молам да ме заговарате. Јас сум човек на дијалог. Вие веднаш може да ме фатите на дијалог. Можеме 15 минути да испиеме за време на паузата кафе и ќе правиме дијалог. Не е проблем. Ова е седница, не е дијалог. Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Моето е колку процедурално уште повеќе за интегритетот на пратениците во ова Собрание.

Како вовед дозволете ми само да кажам. Синоќа, денес тоа ќе го видите во сите медиуми, на крајно нецивилизиран начин претставниците на НСДП од Битола, влегоа во просториите на ЛДП и меѓу другото, не сакам да зборувам партиски, но меѓу другото во тие простории се наоѓаше целокупната моја документација од минатиот состав, кога Националниот демократски институт од Америка имаше отворено канцеларија за пратениците во Собранието на Република Македонија.

Целокупната моја документација беше исфрлена во ходникот во просториите каде што се сместени и други институции и кога медиумите сакаа тоа да го снимаат, претставниците на НСДП набрзина ги собраа и не дозволија во просториите воопшто да се види дека тие материјали, едноставно речено се запленети.

Оттука, без разлика дали НСДП се јавува како извршител на нечија наредба, после вчерашниот ден во Советот на општина Битола и долготрајната расправа помеѓу ЛДП и ВМРО-ДПМНЕ, дали ова претставува директен удар на институцијата пратеник. Ќе повторам, целокупната моја документација од Националниот демократски институт од Америка веќе е запленет.

Сакам да им порачам јавно на сите оние кои што сметаат дека на ваков начин ќе ме замолчат, грешат. Уште повеќе ќе ме охрабрат да се борам за демократијата во Република Македонија.

Второ, ги повикувам сите надлежни институции да ја испитаат работата и од вас претседателе барам да преземете мерки да ги заштитите пратениците во Собранието на Република Македонија. Со она што сакам на крајот да завршам, сигурно очекувам овие денови да почнете и по нашите домови да ни ги запленувате материјалите. Но, она што е најважно, со запленување на материјалите, со уништување на материјали, не може да се забрани демократијата на Република Македонија. Тоа ќе ви се врати на еден нецивилизиран начин, но ќе има штета по целокупната демократија на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Претседателе барам и од вас да преземете мерки. Не се работи за Слободан Најдовски, се работи за институцијата пратеник во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Оној мал дел од вашата интервенција процедурална, кој беше процедурален, на него ќе ви одговорам. Тој дел е да преземам мерки. Јас немам никакви ингеренции да преземам мерки во некој друг град што се случило. Тоа е работа за други органи. Меѓутоа, ценејќи ве како пратеник, ценејќи го вашиот конструктивен придонес за секоја седница што го давате и како мој сограѓанин, треба да ви свртам внимание дека вашиот дихтунг овде од оваа говорница, повеќе прилегаше на конференција за печат, отколку на процедурална интервенција.

Стрпете се господине Мисовски, ќе добиете збор.

За збор се јави господинот Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Почитуван претседателе ќе ве замолам да ми дозволите да изразам еден предлог во форма на процедурална забелешка. Воедно, ве молам да не ме разберете лично, предлогот или забелешката ја упатувам до тројцата претседавачи. Значи и до вас, а не ексклузивно само до вас.

Имено, предлагам во иднина барем за сесиите кои се претходно отворени и не потребен кворум, вие претседавачите да не чекате нас во закажаното време на столчето, а не обратно ние да ве чекаме вас половина час или повеќе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јас за денес навистина сум виновен, што не ви се извинив. Инаку, како што е познато јас доаѓам овде кога нема повеќе од тројца пратеници, но денес имавме една координација која доцнеше од почетокот. Не сакам да барам виновници во тоа, тие што не дојдоа на време, на време не дојдоа од објективни причини и според тоа се задоцни. Но, таа координација беше плодна, затоа што темата беше како да се заштеди на време и затоа

ова задоцнување од полоцина час, ценам дека не отиде по ветар.

Се извинувам, бидејќи тоа не успеав да го кажам на почетокот на седницата, вие сте сосема во право и тоа е мојот коментар на вашата процедурална интервенција.

Повелете господине Мисовски.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници,

Мислам навистина во право беше вашата забелешка, кога кажавте дека колегата Слободан Најдовски ја злоупотреби оваа говорница за една мала мини прес конференција и мислам дека тоа не е добро колега Најдовски.

Меѓутоа, морам и јас во ист стил да ви одговорам и сакам да ја информирам јавноста и колегите пратеници дека просторијата за која што вие говорите беше просторија на ЛДП под закуп од Јавното претпријатие за станбен и деловен простор. ЛДП од самиот почеток, од денот на потпишувањето на договорот за закуп, нема платено ниеден денар кирија.

(Реакции на некои пратеници од место)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам само еден момент господине Мисовски. Имам молба за двете страни. За господинот Мисовски имам молба да ми се обраќате мене, а не на нив, а за господата од ЛДП имам молба да не се обраќаат од себе. Овие две молби ако ги исполните, се ќе биде во најдобар ред.

**Горан Мисовски:** Ќе завршам многу накратко. Бидејќи ЛДП како што спомнав нема платено ниеден денар за просторијата која што беше под закуп од Јавното претпријатие за станбен и деловен простор, јавното претпријатие пред извесно време со судски извршител си ги одземал клучевите од ЛДП во присуство на нотар и сосема легитимно со статутот како е пропишано во Јавното претпријатие за станбен и деловен простор, е распишан нов конкурс. На конкурсот како НСДП се јавивме, ги уплативме средствата и на најлегален начин ја добивме просторијата. Ова го говорам затоа што сакам да ја кажам вистината што се случило во Битола вчера. Никакво запленување на документи не е направено од страна на претставниците на НСДП. Контактирано е со претседателот на НСДП во Битола, со претседателот на ЛДП во Битола, повикани се, записник е направен во присуство на претставници на Јавното претпријатие и сите материјали и се што има во просторијата таму се наоѓа на лице место. Се извинувам уште еднаш претседателе што во услови кога дебатираме за еден многу важен закон мораме на еден ваков начин да дискутираме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ве молам уважувајќи ги интервенциите на Собранието, на членовите на Собранието, треба да ви кажам дека ние скренавме од вообичаената процедура по повод овој инцидент што се случил во Битола или не се случил, не сакам да се впуштам во тоа и дека овде процедуралната расправа по повод на таа тема, бидејќи двете страни добија збор, ја прекинувам и продолжувам со процедуралната расправа по однос на денешната седница за која се надевам дека се однесува барањето на Грковска. Ве молам, госпоѓа Грковска ова нека биде последен пат, да поминеме на материјална расправа.

Повелете вашите три минути.

**Славица Грковска:** Претседателе, добро е да се слушне дека за промена нема да го послушате премиерот, затоа што досега по негов налог ги свикувавте седниците, меѓутоа, затоа по втор пат реагирам процедурално за да апелирам на вас за промена, за прв пат да ја послушате и опозицијата, да не ги кочите реформите кои ќе не приближат до Европската унија и НАТО, со тоа што нема да ги ставате точките кои што се со знакчето на Европската унија како приоритетни за расправа во Собранието и за тоа апелирам да ја прекинете денешната седница тука и да продолжиме со седница која што, како што вие рековте имаме две такви седници, да продолжиме со една од тие седници на која што има многу закони со Европската унија знакчето на дневен ред. Значи, апелирам до вас за промена еднаш, после половина година ја послушате опозицијата, да дадете приоритет на седниците на кои што има закони кои што ќе не приближат до европското законодавство, за да можеме да ги исполниме критериумите за добивање на почетокот на преговорите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За жал, не можам да го прифатам вашиот апел, а второ, да ви кажам, кога веќе сакате да влезете во полемика со мене, јас не би сакал да влегувам во полемика со ниеден од вас. Вие не бевте уште родени, кога јас својот труд го делев во Европа и со Европа.

Според тоа, јас не можам да бидам кочничар за Европа. Напротив, јас својот труд сум го делел во Европа и тоа не сум го делел во некоја клошарска ситуација ами во ситуација во која на плакатите пишувало од која држава сум.

Ве молам, затоа не заподенувајте такви полемики, не е добро.

Сега ве молам да почнеме конечно, да преједеме на материјална расправа.

Овде според дисплејот, има збор господин Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседател.

Јас би сакал на самиот почеток да ги поздравам позитивните сигнали од вчерашната лидерска средба, кои влеваат надеж дека во најскоро можно време ќе се консолидира Судскиот совет и ќе се деблокираат реформите во судството во Република Македонија. До колку тоа се случи, ќе бидат депласирани тезите дека воведувањето на резервните места за помалите етнички заедници и вклучувањето на дијаспората во изборниот процес се производ на дневно политичко барање и дефинитивно ќе ги демистифицира актерите на

на оваа, јас би рекол трегикомична дебата околу Изборниот законик.

Воедн користам прилика да ја поздравам одлуката на СДСМ да не ја бојкотира оваа дебата, зошто само преку аргументирана расправа може да се изнајдат соодветни решенија во интерес на сите актери на изборната трка.

Она што би сакал посебно да подвлечам е дека во ниеден момент нема да влезам во сценариото на кнфликт со пратениците од албанскиот политички кампус од едноставна причина што колку што е легитимно нашето право да трагаме по изборен модел кој ќе ни овозможи ефективно учество во законодавната власт на начин кој што воопшто нема да го повреди духот и словото на Рамковниот договор од Охрид, исто толку е легитимно правото на албанскиот политички блок да го анализраат можното влијание на овој предлог врз принципот на двојното мнозинство или таканаречениот Бадинтеров принцип. Бидејќи деновиве се изнаслушавме се и сешто за малцинските права и за грижата за малцинските заедници, дозволете ми да направам краток осврт на влијанието на досегашните изборни модели врз претставувањето на малцинските заедници во највисокиот законодавен дом во земјата.

Парламентарни избори 1990 година: мнозински изборен модел со 12 изборни единици во два изборни круга во режија на тогашната СКМ, во ниедна од нив освен во Шуто Оризари малцинските заедници не се ни приближно во мнозинство за да можат рамноправно да се натпреваруваат во изборната трка. Освен тоа, голем број претставници на турската и останатите заедници настапуваат како кандидати на други политички партии како што се Сојузот на реформските сили, СКМ-Партија за демократска преобразба, Социјалдемократската партија и сл.Изборните резултати се погубни за помалите етнички заедници. Освен ромската, останатите помали заедници, меѓу кои и трета по бројност турската заедница остануваат без свои претставници во највисокиот законодавен дом во земјата. Тоа предизвика лавина реакции кои воопшто не ги загрижија партиите на власт, кои покрај поплаките на политичките партии на помалите етнички заедници веќе воведуваат повторно мнозински изборен модел со 120 изборни единици, овој пат во режија на СКМ-ПДП. Собрание без пратеници од влашка и бошњачката заедница. Турската заедница, за дивно чудо, во изборната единица која што содржеше само 28% турско население добива пратеник одкако ривалските албански партии не успеваат да се усогласат за заеднички кандидат во вториот изборен круг.

Парламентарни избори 1998 година: повторно се менува изборниот модел во режија на коалицијата “Сојуз за Македонија”. Комбиниран изборен модел според кој 85 пратеници се избираат по мнозинскиот принцип во 85 изборни единици, додека 35 пратеници се избираат според пропорционалниот принцип при што територијата на Република Македонија претставува една изборна единица. За прв пат господа се воведува изборен праг од 5% за заедници кои се помалку од 5%. Расправата околу изборните закни станува жустра. Претставниците на помалите заедници креваат глас против високиот изборен праг и нудат амандмани тој да се снижи. Тоа не се прифаќа. Дури се оди до таму што не се коалицира со партиите на помалите етнички заедници, така што Демократската партија на Турците тогаш беше принудена да коалицира со Социјалистичката партија, кога процени дека со самостоен настап нема да го надмине изборниот праг од 5%. Резултат, не се надминува изборниот праг од 5% и во собранискиот состав нема пратеници од турската, српската и влашката заедница. Претставникот на бошњачката заедница влегува преку листата на Демократската алтернатива.

Продолжуваат жестоките реакции на помалите етнички заедници, вклучувајќи го и невладиниот сектор. Повторно се актуелизира прашањето за гарантираните места. Меѓутоа, следува воениот конфликт, широката коалиција, Охридскиот рамковен договор и амандманите на Уставот на Република Македонија. Тогашниот претседател на Република Македонија господин Борис Трајковски, на 29 и 30 мај 2002 година одржува средба со претставниците на помалите етнички заедници, на која присуствува и експертот по изборното законодавство проф. д-р Гордана Силјановска, со цел да се изнајде изборен модел кој би овозможил учество на малцинските заедници во законодавната власт, кој за жал не беше прифатен од помоќните политички партии во тој период. Следува повторно менување на изборниот модел, со воведување на пропорционален изборен модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици. Започнуваат преговорите за формирање на коалицијата “За Македонија заедно” и резултат, за прв пат по воведувањето на повеќепартискиот систем во Македонија, во Собранието има вкупно 9 пратеници од помалите етнички заедници. Бадинтеровиот принцип функционира беспрекорно. Но и покрај своите претставници во законодавниот дом, помалите заедници тешко ги остваруваат правата и се мајоризирани. Партиите носители на коалицијата “За Македонија заедно” немаат доволно слух за потребите на помалите заедници, за што потврдуваат бројните дописи со тогашниот премиер, наредниот премиер, министрите и тн.

Притоа, не се има доволен слух за потребите на помалите етнички заедници не само поради девијантното спроведување на принципот на правична и соодветна застапеност, поради новите општински граници, Законот за државјанство на граѓаните на Република Македонија и тн.

Би сакал од ова место да ја истакнам доблеста на господинот Бучковски, кој што во моментот не е тука, што истраја на притисоците при составувањето на листите, кога цели општински организации се закануваа со бојкот или гласање

за другите политички опции до колку некој од претставниците на помалите етнички заедници биде пред нив на листите. Со други зборови тоа значи дека ние не успеавме да изградиме институционални механизми за заштита на правото на помалит етнички заедници, што сосема оправдано и релативно успешно го правеа албанските политички партии, за да не зависи се од добрата волја на еден Бучковски, Црвенковски, Шекеринска или ако сакате Груевски.

Парламентарните избори 2006 година повторно одат преку пропорционален модел со шест изборни единици, при што коалицијата "За Македонија заедно" ги губи изборите. Партиите на помалите етнички заедници во опозиција и една позициона политичка партија на Ромите, низ заеднички консултации бараат воведување на институционалните облици за заштита на правата на помалите етники заедници кои до сега ги немаше. Пакетот подразбира воведување 12 гарантирани места за помалит етнички заедници.

Второ, закон за правата на заедниците кои сочинуваат помалку од 20% од населението на Република Македонија.

Трето, формирање на владино тело кое ќе ја следи динамиката на реализацијата на тие права. Истите се презентирани на претседателот на Владата на Република Македонија и со писмо е известен претседателот на Европската комсија господинот Хозе Мануел Баросо. Во меѓувреме, се обавуваат чести средби со претставниците на Европската унија, ОБСЕ, НДИ и другите меѓународни организации во Република Македонија.

По честите и неколку месечни контакти, премиерот на Владата дефинитивно прифаќа 10 гарантирани места, закон за правата на помалите етнички заедници и агенција за малцински права. Набргу следува дополнување и измена на Изборниот законик и истиот влегува во парламентарна процедура.

Во меѓувреме, како Демократска партија на Турците во Македонија ја изготвивме нашата верзија за законот за правата на заедниците што сочинуваат помалку од 20% од населението во Република Македонија, кој што ќе биде доставен до премиерот, а верувам дека после од страна на Владата ќе биде доставен до Венецијанската комисија и до Високиот комесар за малцинските права. Во меѓувреме, предлогот на Изборниот законик предизвика жестоки реакции на опозицијата, при што СДСМ се закани со бојкот до колку законот се носи во една фаза, а ДУИ изготви околу 4100 амандмани.

На почетокот на расправата, парламентарното мнозинство прифаќа законот да оди во две фази, но тензиите не спласнуваат. Со оглед на фактот што во текот на расправата постоеја и мислења дека предлогот дефинитивно го менува уставното устројство на Република Македонија, дека не е во духот на Рамковниот договор од Охрид, дека го повредува принципот на двојното мнозинство или таканаречениот Бадинтеров принцип, дека е антиалбански проект, дека е пазарење за да се обезбеди Бадинтеровото мнозинство и сл., јас ќе се обидам во натамошното излагање не само да ги побијам тие тези, туку малку да прозборам и за меѓународните стандарди во оваа сфера, како и за воспоставената пракса во поблиското и подалечното соседство.

Рамковниот договор од Охрид, почитувани колеги, покрај бројните контраверзии што ги предизвика, несомнено означи пресвртница во современата македонска историја не само поради тоа што доведе до напуштање на една идеолошка матрица, туку што и во уставно правна смисла воспостави нови односи во Република Македонија. И покрај тоа што одредени решенија од овој договор не одеа во прилог на помалите етнички заедници, гарантирањето на унитарниот карактер на државата, мултиетничноста на македонското општество, принципот на правичната и соодветната застапеност во органите на државната власт и јавните институции на сите нивоа, воведувањето на посебните собраниски процедури, преферирањето на принципот на позитивна дискриминација за припадниците на заедниците што не се во мнозинство во Република Македонија и редефинирањето на преамбулата на Уставот на Република Македонија, беа клучните придобивки на овој договор, поради што го поздравија и припадниците на помалите етнички заедници. Дека наведениот предлог е во целосна согласност со Рамковниот договор од Охрид и дефакто воопшто не го загрозува принципот на двојно мнозинство или Бадинтеровиот принцип зборува следното.

Во основните принципи на Рамковниот договор од Охрид меѓу другото стои, цитирам: "Мултиетничкиот карактер на македонското општество мора да се сочува и да најде свој одраз во јавниот живот", подвлекувам "да најде свој одраз во јавниот живот. Една современа демократска држава по природниот тек на својот и созревање мора постојано а обезбеди нејзиниот устав целосно да ги исполнува потребите, подвлекувам, на сите нејзини граѓани во согласност со највисоките меѓународни стандарди кои и самите постојано се развиваат". За тие стандарди ќе се осврнам нешто подоцна.

Освен тоа, со овој договор се промовираат два механизма за спречување на мајоризацијата, пред се на албанската, но и на другите етнички заедници. Првиот механизам е принципот на двојното мнозинство или таканаречениот Бадинтеров принцип кој во Рамковниот договор од Охрид, во делот "посебни собраниски процедури" е дефиниран вака, цитирам: "на централно ниво уставните амандмани и Законот за локална самоуправа нема да може да се усвојат без квалификувано мнозинство на 2/3 од гласовите во рамките на што ќе мора да има мнозинство на гласовите на заедниците - подвлекувам на заедниците - кои не се мнозинско население во Република Македонија". Тоа подразбира Албанци, Турци, Роми, Срби, Власи,

Бошњаци и други. Значи сите тие го сочинуваат Бадинтеровото мнозинство.

Понатаму се вели, цитирам: “за донесување на законите кои директно ги засегаат културата, употребата на јазикот, образованието, личните документи и употребата на симболите, како и Законот за локално финансирање, локални избори, Градот Скопје и општинските граници ќе мора да има мнозинство гласви во рамките на што ќе има мнозинство на гласови на пратениците кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Република Македонија”. Значи јасно и експлицитно стои дека и припадниците на помалите етнички заедници се дел од тоа Бадинтерово мнозинство, но секогаш и во сите варијанти тој број е далеку помал од бројот на албанските претставници и во ниеден момент не може да ја загрози втората по бројност заедница во Република Македонија, т.е. албанската заедница. Самиот факт дека овој принцип беспрекорно функционираше во претходниот состав кога од вкупно 35 пратеници кои го сочинуваат Бадинтеровото мнозинство, 9 беа припадници на помалите заедници, зборувам за неможноста 10-те гарантирани места да ги пореметат тие релации од едноставна причина што проблемот не е во помалите етнички заедници. Зошто до колку така се сфаќа Бадинтеровиот принцип, можно е само два претставника на помалите етнички заедници условно да го пореметат тој принцип до колку на пример разликата на пратениците на пратеничките мандати меѓу двете албански партии би била само еден пратеник. Ситуацијата дополнително би се усложнила до колку уште некоја албанска партија добие пратенички мандати, бидејќи логично сите не би можеле да бидат дел од владеачкото мнозинство.

Додека сум тука, посебно е индикативно, на еден мој ценет колега кој не е присутен во моментот, само преку фактот што помалите задници, како и албанската заедница, во Уставот се третирани во категоријата немнозински заедници, да ги изедначи по правата што апсолтно е неточно, бидејќи во овој момент можам да набројам десетина работи кои укажуваат на различната уставна поставеност на албанската заедница во однос на другите заедници. Самиот факт што мојот ценет колега не мора да става слушалки за време на мојот настап од оваа говорница, доволно зборува за нивото на правата на помалите етнички заедници.

Уште попогрешна е тезата дека обезбедувањето на гарантираните места за помалите заедници, албанската заедница ќе добие статус на конститутивен народ во Република Македонија, бидејќи уставната поставеност на заедницата што е над 20% во Република Македонија т.е. албанската заедница е строго дефинирана преку уставните амандмани, така што таквите шпекулации само дополнително и неосновано доведуваат до тензични ситуации во ова Собрание.

Вториот механизам против мајоризацијата, Комитетот за односи меѓу заедниците кој број 19 членови во соодност по седум члена од македонската и албанската заедница и по еден член од помалите етнички заедници останува непроменет независно која од помалите етнички заедници колку пратенички мандати има. Тоа значи дека овој механизам и понатаму ќе биде во улога на спречување на мајоризацијата, во прв ред кон албанската етничка заедница, имајќи го предвид бројот на членовите од албанско етничко потекло во овој Комитет.

И најпосле, депласирано делува тезата на мојот ценет колега дека, бидејќи и албанската заедница спаѓа во групата на немнозински заедници, би требало за нив да се обезбедат гарантирани места или квоти.

Прво, тоа не е можно од едноставна причина што албанската заедница, согласно уставните решенија и колку вие да сакате, не спаѓаат во групата на класични малцински заедници за кои би важеле малцинските права.

Второ, тезата директно се коси со духот на Уставот на Република Македонија кој не е дизајниран по принципот на доминатна нација, туку во граѓански концепт со елементи на заштита на идентитетот на заедниците.

Трето, квотите се препорачуваат во оние ситуации кога малцинските заедници со класичните изборни модели или нивните модификации не се во можност да добијат мандат на централно ниво, што ќе признаете, за албанската заедница, поради нивната бројност, не само што не е потребно, туку дури е и навредливо.

Четврто, бидете уверени дека не сме премногу среќни со ова решение, бидејќи квотите сами по себе зборуваат за неможност во изборен натпревар да се добијат мандати и за нив е потребна примената на принципот на позитивна дискриминација.

Ќе ви наведам една аналогија. До скоро за припадниците на немнозинските заедници, вклучително и албанската заедица, се применуваа квоти при упис на државните универзитети во Република Македонија. Од оној момент кога профункционира Тетовскиот универзитет, како државен универзитет, а претходно и Штуловиот, престана потребата за квоти при упис за припадниците на албанската заедница за области кои ги има на тие универзитети, додека за другите припадници, тие квоти продолжија и понатаму.

Само на овој начин може да се докаже грижата кон помалите заедници, што не е само право, туку и обврска, не само на мнозинската македонска заедница, туку и на албанската заедница која сочинува една четвртина од населението на Република Македонија.

Ете, вака вели, почитувани колеги, Рамковниот договор од Охрид.

Сега, што велат меѓународните стандарди од оваа сфера. Тие се содржани во бројните документи од кои голем дел се ратификувани во Собранието на Република Македонија и кои, согласно член 118 од Уставот, се составен дел на внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон, но, за жал, тоа често пати се заборава. Тие документи се многубројни, почнувајќи од Повелбата на ОН, Општата декларација за правата на човекот, Меѓународниот пакт за граѓанските и политички права, цела дузина од договори, да не ги споменувам, па се до Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа и до Препораките од Лунц во врска со ефективното учество на националните малцинства во јавниот живот.

Што се однесува до меѓународните стандарди од сферата на малцинските права во наведените документи и конвенции, важно е да се истакнат заложбите на сите држави членки на ОБСЕ, особено на државите потписници на Копенхашкиот документ од Конференцијата за човековите аспекти од 1990 година каде во поглавјето 4 се дефинирани детални обврски поврзани со малцинските заедници.

Во тој контекст со Хелсиншките одлуки од јули 1992 година ОБСЕ воведе функција висок комесар за малцински права за национални малцинства како инструмент за спречување на конфликти во најраните можни фази и таа улога ја одржаа на просторите на Република Македонија кога беа проблемите околу Тетовскиот универзитет, од што произлезе и Штуловиот универзитет.

Активностите на високиот комесар за националните малцинства беа насочени во три области.

Прво, образованието на малцинствата;

Второ, употребата на јазикот на малцинствата и

Трето, што е битно за оваа седница, формите на ефективно учество на националните малцинства во управувањето со државите.

Сите три тези се од особена важност за одржувањето и развојот на идентитетот на лицата припадници на националните малцинства. Како резултат на ваквите активности на Високиот комесаријат за национални малцинства произлегоа три препораки. Хашките препораки во врска со образовните права на националните малцинства, препораките од Осло во врска со јазичните права на националните малцинства и она што е денешна тема на ова Собрание, препораките од Лунц во врска со ефективното учество на националните малцинства во јавниот живот подготвени од страна на Фондацијата за меѓуетнички односи во соработка со Институтот за човекови права и хуманитарно право Раул Халенберг.

Препораките од Лунц се групирани во 4 поглавја, но во овој момент, заради времето ќе се осврнам на препораките содржани во делот назначен уредување на односите на ниво на централната власт каде меѓу другото се вели: ефективното учество на националните малцинства во јавниот живот претставува клучна компонента на секое миroљубиво и демократско општество. Искуствата од Европа и други места покажаа дека со цел да се унапреди ваквото учество на владите често пати им е неопходно да утврдат посебни норми, подвлекувам, посебни норми за националните малцинства. Тие, меѓу другото, вклучуваат, јас ве молам со внимание да ги слушате овие три-четири работи.

Посебен клуч за застапеноста на националните малцинства преку обезбедување на одреден број на места во еден или во двата дома на парламентите или во собраниските комисии, како и други форми на гарантирано учество во законодавниот процес. Многу прецизно и децидно.

Второ, формални или неформални договори за именување на членови на националните малцинства на владини функции за доделување на места во врховните судови, во Уставниот суд или во пониските судови и доделување на функции во советодавни тела или други органи на високо ниво.

Трето, механизам за обезбедување на можноста да се земат предвид и интересите на малцинствата во рамките на соодветните министерства, на пример, преку обезбедување на персонал кој ќе се грижи за интересите на тие малцинства. Ние тоа го бараме да биде во форма на агенција за малцински права.

Специјални мерки за учество на малцинствата во јавните служби, како и обезбедување на јавни услуги на јазикот на националното малцинство.

На крај, клучната препорака, почитувани колеги, изборниот систем би требало да биде уреден на начин кој ќе овозможи застапеност и влијателност на малцинствата.

Како што гледате, овие препораки за основа ги земаат основните принципи и правила на меѓународното право како што е почитувањето на човековото достоинство, еднакви права и начелото на недискриминација од гледна точка на правата на малцинските заедници за учество во јавниот живот, како и од гледна точка на правото за уживање на други политички права.

Ете, почитувани колеги тоа го велат меѓународните документи и стандарди од оваа сфера.

Сега би сакал малку време да ви одземам и да кажам како тоа е регулирано на бившите ЈУ простори.

Република Словенија:

Во Собранието на Република Словенија која брои вкупно 90 пратеника, 88 се избираат по пропорционален модел, додека две места се гарантирани за унгарското и италијанското малцинство како историски малцинства, иако денес фактичката состојба не кореспондира со тоа.

Сакам да напоменам дека грижата на Словенија за правата на овие историски малцинства не е производ на развојот на демократската свест во Република Словенија, туку се применува веќе од првите повеќе партиски избори во Република Словенија.

Република Хрватска:

Во Изборниот закон на Република Хрватска во член 15 се вели: цитирам:

Република Хрватска на припадниците на националните малцинства им гарантира право на застапеност во Хрватскиот сабор. Припадниците на националните малцинства во Република Хрватска имаат право да бираат 8 застапника во Саборот кои се бираат во посебна изборна единица која ја чини територијата на Република Хрватска.

Во член 16 се вели:

Став 1, припадниците на српското малцинство бира три застапника во Саборот, согласно Уставниот закон за правата на националните малцинства.

Став 2, припадниците на унгарското национално малцинство бираат еден застапник во Саборот.

Став 3, припадниците на италијанското малцинство бираат еден застапник во Саборот.

Став 4, припадниците на чешкото и словачкото малцинство бираат заедно еден застапник во Саборот.

Став 5, припадниците на австриското, бугарското, германското, полското, ромското, румунското, русинското, руското, турското, украинското, влашкото и еврејското малцинство бираат заедно еден застапник во Саборот.

Последно, битен став 6, припадниците на албанското, бошњачкото, црногорското, подвлекувам македонското и словенечкото национално малцинство бираат заедно еден застапник во Саборот.

Тоа е случај со Република Хрватска.

Босна и Херцеговина:

Иако се работи за федерација на три државотворни народи, единствен модел на бившите ЈУ простори сепак се утврдени дополнителни места за другите, вклучувајќи помали малцинства како што се ромите и граѓаните кои не се кандидираат како припадници на трите државотворни заедници.

Значи, се работи за посебни процедури за припадниците на малцинствата и оние граѓани кои не припаѓаат на државотворните народи на Босна и Херцеговина.

Република Србија:

Сакам да напоменам дека од 1990 до 2003 година унгарското малцинство од Војводина беше претставено и на федеративно и на републичко ниво.

Летово, политичките партии на Покраинското собрание се согласија да обезбедат 12 места за 8 национални малцинства. Со овие измени се утврдуваат посебни листи на кандидати од кои според мнозинскиот систем се избираат два претставника на унгарците, претставници на словаците и хрватите и претставници на другите малцинства.

Предлогот се однесува на малцинствата кои имаат барем 10 илјади членови поединачно. кандидатите на овие одделни листи се должни да собарат најмалку 100 потписи за подршка на секој кандидат.

Црна Гора:

Резервираните места во Собранието на Црна Гора се однесуваат на албанското малцинство во Црна Гора. Во Законот за  избор на пратеници во Собранието на Црна Гора се предвидени посебни изборни единици со претежно албанско население при што се избираат пет пратеника албанци во Црногорското собрание кое не соодветствува со процентуалното учество на албанското население во Црна Гора.

За добивање на пратенички места во овие изборни единици е воведен праг од 3%, но доколку некоја листа не го надмине овој праг, гласовите што ги добила таа листа се додаваат на гласовите кои носителот ги освоил во другите изборни единици.

Значи, се работи за изборен закон со посебни одредби за албанската заедница.

Косово:

Во 120 членото Косовско собрание 10 места се резервирани за србите и дополнителни 10 за припадниците на другите малцинства. 4 за ромите, 3 за бошњаците, 2 за турците и 1 место за горanite.

Она што е интересно што на Косово се применува таканаречената варијанта на дополнителни места кои овозможуваат и дополнителни мандати вон утврдените квоти, доколку се надмине прагот за утврдените квоти. Според тој систем, во една изборна единица за првиот пратеник прагот е понизок, но за секој нареден пратеник прагот прогресивно расте.

Согласно овој модел, турското малцинство на Косово освен гарантираните две места освои уште еден мандат и во Косовското собрание има три пратеници од турско етничко потекло.

За Република Романија да не ви одземам време, оштo е познато дека има 19 гарантирани места за малцинските заедници.

Сега да се осврнам на предлогот што го нуди овој изборен законик. Овој предлог е чекор понапред во однос на другите држави од бившите ЈУ простори поради:

Прво, тоа што се гласа на едно гласачко ливче на кое ќе бидат наредени политичките партии и коалиции со тоа што партиите на помалите заедници ќе бидат нумерирани не со број, туку со букви и со назнака дека се од групата партии за кои е утврдена квота. Со ова се зачувуваат три основни принципи еден човек еден глас, вториот принцип тајноста на гласањето и третиот слободата на изборот т.е. припадник на било која

помала етничка заедница. Не мора да гласа за партија од заедницата на која припаѓа, туку за било која политичка партија или опција.

Дистрибуцијата на пратеничките мандати ќе биде по Донтовата формула како и за припадниците на другите заедници со тоа што резултатите во овој случај ќе ги сумира ДИК.

Оттука зачудува фактот што овој модел не го прифаќа дел од опозицијата, посебно отпорот на СДСМ, дотолку повеќе што припадник на било која од помалите етнички заедници може да гласа за било која партија од македонскиот или албански политички блок.

Доколку, колеги, сметате дека припадниците на помалите етнички заедици за вашите листи гласаат од идеолошки причини заради вашите програмски определби, а не поради очекуваните бенефити, таа можност не е укината, таа постои, тогаш зошто е стравот? Затоа што помалите заедници дефинитивно сфатија дека по давањето на гласовите, господа, нема ништо од ветувањата, нема ништо од бенефитите.

Затоа сум длабоко убеден дека ова е неминовност. Ако овој пат не успее сигурно ќе успее наредниот пат затоа што нема друго решение, сакале вие или не. Затоа, наместо празната реторика дека не сте против гарантираните места, заложете се да живее овој модел кој се практицира веќе во нашето соседство. Барањето на Советот на Европа за консензус околу изборното законодавство, не значи откажување од гарантираните места, туку напротив, нивна целосна подршка.

Впрочем, многу е погрешно дефиницијата за консензус што беше изложена од стрна на поедини пратеници на СДСМ. По вас консезус е доколку се усогласиле најголемите позициони и опозициони партии. Не е консензус ако се игнорирани барањата на политичките партии зад кои, според официјалните статистики, стојат 10,6% од населението или околу, според официјалните статистики 214.483 жители, иако реално тој број е поголем.

Сакале вие или не, не може да се игнорира волкав процент на население до толку повеќе што сите се согласни околу идеата за гарантираните места. Се спориме само околу дистрибуцијата на гарантираните мандати која сигурно ќе беше и пореална и позадоволителна доколку беше прифатено барањето од 12 дополнителни места. Меѓутоа, за жал, Владата не го прифати тоа барање.

Би сакал на крај да проговорам многу отворено за еден нов тип на демократија чии креатори се, за жал, нашите коалициони партнери од СДСМ. Јас неја ја нарекувам амандманска демократија. Таа се применува по трет пат да се блокира донесувањето на одредени закони и колку да е овој метод понекогаш оправдан, како модел комплетно го парализира механизмот на донесувањето на одлуки. Тоа оди на штета на државата, на штета на нашите евроатлански интеграции и на штета на сите граѓани на Република Македонија.

Лош е, бидејќи како метод може да се примени за било кој закон во оваа држава и донесувањето на истиот да се блокира. Лош е затоа што истиот може да го примени некој друг во поинаква консталација на силите. Лош е затоа што дури и политичка партија која има само еден или два пратеника може да спречи донесување на било која одлука во ова Собрание. Лош е затоа што оди на штета на граѓаните на Република Македонија од чии средства функционира овој законодавен дом.

Лош е затоа што е типично балкански специјалитет иако за сосема поинаква намена, според моите сознанија, бил применет и во Италија, меѓутоа, при донесувањето на Буџетот и на прилично успешен начин е изменаџиран.

Лош е затоа што овој пат се применува врз грбот на малцинските заедици кои и онака се хендикепирани со самиот факт што се малцинство.

Затоа почитувани колеги, да прекинеме со ова. Доволно не носевте, почитувани колеги, ве заболеа рамењата оставете не да одиме со наши нозе во име на малцинската демократија.

Уште нешто за на крај, ако сте искрени во она што го кажувате, особено се однесува за колегите од СДСМ, излезете овде и јавно кажете дека вклучувањето на дијаспората во изборниот процес и гарантираните 10 за помалите заедници за вас се прифатливи. Нотирајте ги одредбите од изборниот законик кој според вас овозможуваат фалсификување на изборите за да нив ги елиминираме оти Република Македонија не може и не смее да фалсификува избори.

Или, доколку не можете, изјаснете се јасно за предлогот на ДУИ за пропорционален модел со една изборна единица без изборен праг за да работите бидат јасни.

Ние, пак, лекцијата почитувани колеги ја научивме. Се случи она од што се плашевме, но тоа не е крај на светот. Нашите напори ќе продолжат со несмалена жештина зошто штитиме интереси на заедниците што ги претсавуваме. Со тие интереси господа нема пазарење. Тие немаат цена. Доколку битката е изгубена војната не е. Зошто секојдневно од улиците на вашиот електрорат господа добиваме поддршка. Повелете да прошетаме заедно. Зошто ова македонско сонце треба подеднакво да не грее сите нас.

Затоа пред да ја одредите бојата на копчето кое ќе го притиснете размислете уште еднаш не ќе биде на одмет. Благодарам.

(Аплауз од некои пратеници)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и на вас.

Молам дали има за реплики?

За реплика се јавија Шутаров, Грковска, Иванова, Кондарко, Ѓорчев, Положани, Матоши, и мојата дребност ќе ја запишам овде.

А сега дозволете пауза од 5 минути.

(Пауза од 12,11 часот)

(По паузата седницата продолжи во 12,16).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме за една минута со седницата.

Претставникот на Владата за една минута ќе дојде, но можеме ние да почнеме, бидејки тоа се реплики, за да не одиме на ситно.

Господине Шутаров повелете вашите три минути.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван потпретседателе, иако во претходните два дена дебата се изнаслушавме на разно разни дискусии, зборуваа универзитески професори, зборуваа колеги пратеници кои што ја познаваат оваа обалст. Ова по мое мислење е најиздржаниот говор до сега и затоа ме испровоцира да кажам уште нешто.

Со оглед на тоа што колегата Кенан Хасипи ги кажа скоро сите меродавни и валидни документи кои што ја третираат проблематиката на малцинствата, да не го употребам еуфоризмот кој што и во пежорвативен смисол почесто се употребува кај нас, мали етнички заедници. Ќе споменам само дел, кој што би бил дел од документацијата која е обемна и содржинска, која што и тој ја има. Ги спомена искуствата од соседните држави и сакам да му кажам дека во Словенија иако од 90-те пратеници само двајца, италијанскиот и унгарскиот влегуваат во словенечкиот Парламент, тоа е сепак кај Словенците и Уставна категорија, значи член 64 од словенечкиот Устав местото на овие две малцинства во словенечкиот Парламент го става на ниво на уставна категорија. Значи, овие двајца претставници според член 64 од словенечкиот Устав имаат право на глас.

Искуствата од Хрватска би сугерирал исто така во материјалите што ги има да го вметне и изборниот закон за изборните единици во Република Хрватска за избор на пратеници од 1999 година, во кои што се вметнати уШте две изборни единици, тоа е 11-та и 12-та изборна единица во Република Хрватска. 12-та токму ги третира националните малцинства.

Искуството од Република Србија што исто така го спомена, би сакал да нагласам дека со изменит еи дополнувањата на Изборниот закон на Република Србија од 2004 година има дополнување на 3 члена, кои што се три многу битнии за денешната дискусија, кога веќе правиме компаративни споредувања. Тоа е членот 13, членот 73 и членот 81, кој вели: “политичките партии на националните малцинства и коалиционите, колаициите на политичките странки на националните малцинства учествуваат во распределбата на мандати и кога ги имаат добиено помалку од 5% од вкупниот број излезени пратеници”.

Јас сметам дека ова ќе му биде корисно на колегата Кенан Хасипи, уште еднаш ја поздравувам неговата дискусија.

Имаше една забелешка дека СДСМ тренира амндманска демократија, јас би го дополнил дека таа во терминологијата современа се вика партеналистичка демократија, системот во меѓународната политика се вика лоринг систем, или систем на услуги за услуги и веќе во современата пракса и во светот и кај нас сметам дека ќе биде минато. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Хасипи вашата контра реплика.

**Кенан Хасипи:** Благодарам на господинот Шутаров за дополнителните објаснувања. Сакам да го уверам дека јас овде имам материјал во изобилие така да можев со саати да зборувам, меѓутоа согласно она што се договоривме на координцијата се обидов сето тоа да го сумирам во рамките на 45 минути и до колку успеав во тоа јас се придржувам на договореното. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Грковска со вашата реплика.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Се разбира дека нема да се согласам со тонот со кој што господинот Хасипи се обрати кон СДСМ, меѓутоа чувствувам потреба да укажам уште еднаш, имајки го во предвид фактот дек аи покрај се што СДСМ направи во име на политиката на подобрување на статусот на етничките заедници во Република Македонија, во смисла на имплементација на Рамковниот договор во претходниот мандат, благодарение на што го обезбедивме кандидатскиот статус на Република Македонија во Европската унија, меѓутоа и други прашања кои што сега за жал во рок од три минути немам време да ги набројам.

Во говорот на господинот Хасипи сеуште се чувствува потреба СДСМ уште еднаш “да докажува” дека е за подобрување на статусот на етничките заедници во Република Македонија и покрај тоа што заради политиката која што СДСМ ја води лично не чувствувам никаква потреба за докажување на тоа поле.

Бидејки, благодарение на таквата политика на СДСМ господинот Хасипи е веќе втор мандат пратеник во ова Собрание. Меѓутоа, сакам да укажам само на едно.

Ние по овој Изборен законик реагиравме заради начинот на кој што беше предложен заради тоа што за прв пат во Република Македонија се прави преседант и се рпедлага до Собранието на Република Македонија изборен законик за кој што претходно не е постигната целосна согласност со сите политички партии, илипак со најголемите парламентарни политички партии и не е постигнат концензус. Затоа укажуваме дека ваквиот преседан може да има реперкусии во иднаин и да отвори процес во кој Што секоја политичка партија која што ќе ја има, иликоја што ќе ај добие власта на секои 4 години да го менува Изборниот законик по терк кој што одговара на најголемата политичка партија застапена во Парламентот во тој момент. Затоа сме против ваквото предлагање на изборниот законик. Не сме против етничките

заедници и затоа сакам остро да протестирам, заради тоа што секое ткво давање конотација на реакцијата на СДСМ поповод овој закон ќе го сметам за злонамерно и тенденциозно, заради тоа што ние бевме многу јасни во нашиот став. Воопшто не сакаме да навлегуваме во решенијата на законот се додека не се постигне претходно концензус и се додека изборниот законик не се достави до Собранието на ист начин како што се направи во претходниот мандат, на ист начин како што е правено во сите изминати 17 години во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Моалм има ли контра реплика.

Повелете господине Хасипи со својата контра реплика.

**Кенан Хасипи:** Благодарам за репликата.

Сакам на госпоѓица Грковска да и речам до колку изнесувањето на аргументи од оваа говорница за неа е погрешен тон, тоа е нејзино право, јас тука не можам ништо да и помогнам.

Второ, може било ое Собрание да воведе изборен праг од 10%, помоќните партии да понудат во едно или две места во нивните листи и после постојано да ни префрлуваат да не бевме ние вие не ќе бевте избрани за пратеник.

Ќе ве молам, вашиот аналитички штаб 2002 година многу добро знае колку гласови донесоа помалите етнички заедници и колку од тоа профитираше и СДСМ.

Трето, ние како малцински заедници не ги менуваме изборните модели. Јас во моето излагање реков дека речиси при сите избори се менуваа изборните модели. Тоа е пракса што ја воведоа помоќните политички партии, а не помалите етнички заедници. Според тоа не прифаЌам вакви коментари од ваков тип. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Иванова со вашата реплика.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван господине Кенан Хасипи јас го ислушав внимателно вашиот говор, доста емотивен говор и секако тоа е ваше право и тоа е дел или начин да ги изложите вашите политички барања, но велат во политиката немало емоции и едно што е најважно никогаш не затварај врата и никогаш не вели никогаш.

Почитуван господине Кенан Хасипи излегов овде да повторам, можеби заради вас, ако успеам да допрам и покрај сите овие мои напори, но да го кажам мојот став и на СДСМ односно заради моите гласачи кои што и без Турската демократск апартија, гласаа понекогаш и за мене.

Сакам овде заради нив да кажам дека СДСМ не е против правата н апомалите етнички заедници. И вас тоа ви е многу добро познато, сте го избрале овој начин да ги остварувате правата на помалите етнички заедни, а ние немаме ништопротив, но сакаме исто така како што јас ви ги почитувам вашите политички барања, да ги почитувате и нашите политички барања, а барањата на СДСМ се следните и ќе ви ги претворам во прашања.

Прво, господине Кенан Хасипи дали, вие три мандати сте во Парламентот на Република Македонија некогаш во вашиот мандат кога се донесувал Изборен законик се случило во ова Собрание да биде поднесен Предлог за измени и дополнување на Изборен законик без да се консултира најголемата опозиција и дали се случило да влезе во собраниска процедура без да знае опозицијата и дали сметате дека тоа е исправно.

Второ праШање многу важно, дали за вас прво како Турчин, но како граѓанин на Република Македонија поважно е овие 20 дена да се дебатира за Изборниот законик, или за застојот во судските реформи и донесувањето на тие закони.

Трето, господине Кенан Хасипи дали не сметате дека ова прашање е порелаксирано да го разгледуваме по конституирањето на Судскиот совет за да навистина евентуално, како што велите сомневања кои што ги имаме ние како политичка партија отпаднат и да седнеме заедно со чиста глава и совест, откако ќе ги завршиме работите кои што ни се приоритет овие 20 дена и откако ќе го конституираме Судскиот совет да разговараме, да седнеме сите заедно и од позиција и од опозиција да разговараме за изборниот законик.

Вака господине Кенан Хасипи висат сомневањата и секако барем за мене, не зборувам за СДСМ ова се сомневања кои што ќе останат за секогаш.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика на господинот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам за репликата.

Прво на мојата ценета колешка Цветанка Иванова сакам да и кажам дека јас секогаш ги контролирам емоциите. Не знам по што проценивте дека имам емотивен говор. Скоро никогаш во моето скромно политичко искуство не сум го користел термин “никогаш”. Ако вие мислите да ја затворите вратата, можете слободно тоа да го направите, меѓутоа јас никогаш не сум користел термин “никогаш”.

Понатаму, во однос на донесувањето на Изборниот законик, апсолутно сте во право, треба поширок консензус. Тука одговорот е да.

Понатаму, дали е потребно 20 дена да дебатираме. Не е потребно доколку се има здрав разум. Се работи за цел, ако имаме цел да опструираме, можеме и цел месец.

Понатаму, јас имам еден примерок од договорот за меѓупартиската соработка, сега немам време, ќе ви дадам на пауза да ми кажете колку од ова сте изреализирале.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на коректноста господине Хасипи.

Господине Кондарко, повелете со вашата реплика.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван колега и пријател Кенан Хасипи.

Токму како што рековте вие во вашиот говор да не грее ова заедничко македонско сонце, ние нема да дозволиме СДСМ да се караме ниту со вас лично, ниту вие тоа ќе го дозволите, претпоставувам, ако говоревте малку дневно политички токму поради овие повисоки интереси, а не поради дневна политика и интересите на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа, немојте да влегувате во сценариото на ВМРО-ДПМНЕ за да ве скара со СДСМ или СДСМ со етничките заедници, затоа што ВМРО-ДПМНЕ ќе добие дупло голо, ниту ќе не скара со етничките заедници, ниту ќе може да го донесе овој Изборен законик. Инаку, кога веќе говорите за амандманска демократија, се залагате и барате овде свои за себе демократски права, а се буните против правата демократски на другите. Тоа не е демократија.

Понатаму, говорите дека со овој закон ќе се заштителе етничките заедници од мајоризација. Па, господине Хасипи, играта на ВМРО-ДПМНЕ е многу поподла и многу полоша за интересите на Македонија. Во заложништво ќе ја стави цела Република Македонија и цела Република Македонија и цела опозиција со овој закон ВМРО-ДПМНЕ, опструиран закон ќе ја мајоризира, а не етничките заедници. Во тоа е опасноста. Затоа, да не бидеме и вие и сите заедно наивни во Република Македонија. Што мислите дека ако гледате денес-утре се договорат за Судскиот совет вас нема да ве заборават во овој дел од нивниот пеколен план. Зошто мислите и зошто вчера не ве викнаа на масата и со вас Никола Груевски да преговара за Судскиот совет. Затоа што на овој начин сака да ги го обезбеди Бадентер. Затоа, немојте да имате да се стекне впечаток дека имате нешто вие против демократијата во ова Собрание во Република Македонија, долгорочниот интерес на Република Македонија се за остварување на некои партиски интереси за кроење на листи на избори итн, а притоа да се ставате во дневно-политичка функција на владеачката партија затоа што тоа е минливо. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика на господин Хасипи две минути има Неждет Мустафа, повелете.

**Неждет Мустафа:** Претседателе, најљубезно ве молам ако можете да ме ставите во составот на реплики. Се извинувам што не се јавив на време, но ве молам најљубезно поради преголемата потреба да ме ставите во составот на репликите.

**Љубиша Георгиевски:** Ако дозволи господин Хасипи можам тоа да го направам.

Господине Хасипи дали имате против ова?

**Кенан Хасипи:** Јас немам.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе го ставиме сега како што му е редот. Значи, после мене.

Господине Кондарко, не би сакал опозицијата да биде тука ускратена.

Повелете господине Хасипи, го мериме времето од сега.

**Кенан Хасипи:** Господине Кондарко имате апсолутно погрешни перцепции, а за да ги демантирам ќе ми треба повторно да земам збор. Меѓутоа, сакам нешто да ви кажам. Во Република Македонија согласно последниот попис има некаде околу 65% македонско население и 35% е останатото. Видите ја дистрбуцијата на пратеничките мандати 71% е на македонскиот блок. Знаете од кои гласови тоа е? Од гласовите на малцинските заедници кои сочинуваат некаде околу 11%. Тоа ве боли господине Кондарко кажете отворено. Кажете отворено, тоа е проблемот. Не е проблемот право итн, и некој да не носи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Ѓорчев има реплика, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Јас би продискутирал во делот кој што се однесуваше на Советот на Европа, каде господинот Хасипи беше спомнат односно нотиран. Изминатава недела многу пати видовме дека во Советот на Европа имаше дискусија во врска со Изборниот законик во Република Македонија и каде што Советот на Европа препорачува овие гарантирани места заедничките заедници да се усвојат со консензус. Што значи тоа? Тоа значи дека Советот на Европа препорачува консензус истовремено поддржувајќи ги гарантираните места на етничките заедници. Значи, СДСМ, ДУИ и другите политички партии кои евентуелно се спротивставуваат на ваквата иницијатива треба со консензус да го усвојат она што ние го предлагаме. Ако предлагаат усвојување на ваквиот предлог, тогаш ајде заеднички да го изгласаме, да го поддржиме и со консензус да го донесеме она што го предлага Советот на Европа. Затоа што, од многу земји од Советот на Европа имаме вакви решенија.

Вашата дискусија ја сваќам во таа насока и во таа насока исто така ќе ја имате мојата поддршка и поддршката на многу мои колеги. Истовремено, свесни за амандманската демократија која што ја гледаме, се надевам дека меѓувреме ќе можеме да изнајдеме аргументи, убедување и политички договор со оние кое се спротивставуваат на ваквиот договор односно гарантираното политичко претставување на Турците, Ромите, Власите, Србите и Бошњаците во Република Македонија. Истовремено, ова станува и еден критериум, едно на некој начин стекнато право, еден репер кој што, ако и во моменталната политичка констелација, евентуално се случи да не успее, сепак мислам дека станува дел од нормите во Република Македонија и работа која што не е прашање дали ќе биде усвоена или вметната во нашиот политички систем, туку прашање е кога.

Се надеваме, сакаме и посакуваме тоа да биде сега, тоа да биде во овој месец, тоа да биде во втората фаза за која што ја усвоивме да ја имаме, но во секој случај сигурен сум дека заеднички и во

поповолни констелации ќе можеме заеднички да го изгласаме она за што вие зборувавте, кое што заеднички го поддржуваме и она што е добро за сите граѓани на Република Македонија вклучувајќи ги етничките заедници, кои што тука директно се спомнати. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има контра реплика? (Нема)

За реплика се јави господин Положани, повелете.

**Азиз Положани:** Почитуван господине претседател, почитувани колеги пратеници,

Мислам дека говорот на господинот Хасипи беше потребен на ова Собрание и мислам дека наместо тоа да биде алаборатот на тој начин како што тој го искажа, да беше направено од стана на Владата, добро е што сепак господинот Хасипи излезе со компаративни анализи и со своите кажувања, јас она заедничкото би го извлекол од ова, дека само покажа колку е тежок патот за реализација на правата и кога тие права се воспоставуваат и се добиваат сигурно дека секој има легитимно право и да ги брани.

Од таа гледна точка и Албанците во оваа земја, поаѓајќи од истиот пат и истите маки кои господинот Хасипи ги кажа во својот говор при таков начин и предлог на измени на овој закон, кој што не е прост закон, нетранспарентно со упад и со начин на кој што не се пристапи кон еден консензус, има право да разгледа со таквиот предлог постигнувајќи ја и поддржувајќи ја целта за сосоодветно и поправично застапување на сите немнозински заедници, да не се релативизира влијанието. Самиот вие господине Хасипи рековте дека меѓународните документи поддржуваат аспекти од зајакнување на застапеноста и влијателноста. Ние во овој момент имаме еден модел на застапеност, која што има одреден степен на влијателност преку Бадентер и сакавме преку амандмани, не со некоја лоша цел, во неможност на друг начин да отвориме простор да ги разгледаме можностите како да се подобри застапеноста и вашите легитимни права да се реализираат, имајќи ги предвид и начинот на влијателноста во механизмот, кој што ние тука го создаваме со Устав што се вика Бадентеровиот принцип. Вие рековте, како што е ваше право да инсистирате на вашите права, исто така вие го признавте нашето право, тоа да го разгледаме да биде на начин на кој што навистина ќе има баланс меѓу застапеноста и влијателноста, имајќи го предвид принципот на влијателност кој што е вграден во Бадентеровиот принцип, а кој што е базиран врз друг модел. И, за да докажеме дека сме принципиелни, реченицата ја почнавте и рековте дека сега се прави некој обид за Судскиот совет. Ние во име на нашата група ќе кажам дека, без разлика како таму завршуваат работите и добро е да завршуваат добро, ние принципот на посоодветно застапување на помалите заедници преки Изборниот законик како принцип ќе го поддржиме, а ќе разговараме за модалитетите, за кои што мислам дека има веќе простор за тоа да се разговара.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Хасипи, дали имате контра реплика?

**Кенан Хасипи:** Благодарам.

По се изгледа дека господинот Азиз Положани е еден можеби поретките овде што ја сфати суштината на мојот говор. Јас ова го сфаќам за апсолутна негова поддршка и сакам да му се заблагорадам уште еднаш од оваа говорница.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Матоши, вашата реплика.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател.

И јас сакам да придонесам со мојата реплика до господинот Кенан и таа е една вистина дека 13% од гласовите на етничките помали заедници во кревката демократија овде во Република Македонија од 90-тите години наваму, навистина секогаш придонесувале во резултатите на локалните избори, парламентарните избори, претседателските избори, што значи имаат вредност кои секогаш придонеле во изборни резултати. Но, секогаш овој квантум на гласови или овие гласови од политичките партии се почитувани за врме на избори и можеби пост изборниот зафат максимално после се злоупотребени или не е реализирана таа енергија, овие етнички заедници да имаат еден вид политичка застапеност или презентативна политичка автонимија за да ги штитат нивните интереси. Затоа, ова сега го овозможуваме да имате подобро политичко претставување во овој Парламент. Но, вие како политичар од кариера, го познавате политичкиот спектар во Македонија, ме интересира овие 4200 амандмани од каде им е потеклото. Какво потекло имаат овие амандмани кои се толку против овој Законик. Дали ги има поднесено СДСМ за да се заштити себе си, за да не се претвори во малцинска партија во иднина, можеби во иднина и една партија која нема да постои во оваа држава или ги поднесе ДУИ за да го заштити СДСМ како поголем брат. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Дали има контра реплика?

Повелете господине Хасипи:

**Кенан Хасипи:** Првиот дел од настапот на господинот Матоши го поздравувам, ја погоди есенцијата на проблемот. Меѓутоа, вториот дел од прашањето не е адресирано кон мене и не сум повикам да дадам одговор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално има Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, ве молам бидејќи во неколку наврати имало коментари и интервенции од страна на пратениците на парламентарното мнозинство, да реагирате на вакви настапи на пратениците, особено кога се злоупотребуваат и извртуваат одредени вистини. Секој како предлагач се потпишува и на амандмани и на законите кои што

ги држи, кои што ги предлага во Собранието и за тоа не ми е јасно од каде е ваквата дилема кај господинот Матоши. Најверојатно сака да злоупотреби и да прати друга порака. Меѓутоа, сакам да ви укажам да им порачате на пратениците дека своите фрустрации према СДСМ, треба да ги решаваат на друг начин, а не преку злоупотреба на собраниската говорница. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Што се однесува до дисциплината правам онолку колку што можам без да бидам притоа премногу репресивен, а за другото решавајте ги тие спорови преку реплики. Затоа е и институцијата реплика во Деловникот. Ако некој изнесе некаков став кој не е точен и за вас не е точен, повелете преку реплики. Впрочем, сега имаме 10 реплики.

Повелете процедурално господине Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

За тоа чии се амандманите, господине Ружди, на целата јавност и е јасно, можеби вам не ви е јасно или така пак се преправате, како што секогаш сте се преправале, тоа е ваш проблем. Нема ништо лошо во тоа, доколку ДУИ соработува со сите партии кои што се во Собранието или пак што се надвор од Парламентот, било од албанскиот или од македонскиот блок. Тоа е ексклузивно право вие да не спречувате, ни забранувате со кого ние ќе соработуваме и ќе комуницираме, го немате тоа право, а тоа право го има електоратот кој што не избира. Така што, постои една голема дилема кај мене кога вие земате збор, не знам дали говори Ружа или Ружда. Ние не ги поврзавме знамињата ниту со ВМРО, ниту со на СДСМ. Вие добро знаете како дејствувате и вашите активисти во Тетово. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Не беше коректно оваа интерпретација на Ружда и Ружа. Ве молам, не беше коректно.

Дозволете да продолжиме со репликите.

Дозволете сега е мојот ред.

Господине Хасипи, и сами знаете и сите знаат дека јас многу ретко го користам институтот реплика. Овој пат не можев да се воздржам да не се јавам за реплика од една проста причина.

Сакам да ви оддадам јавна благодарност на прекрасниот говор што го одржавте.

Не можев да се воздржам, да не се јавам за реплика од една проста причина. Сакам да ви оддадам јавна благодарност на прекрасниот говор што го одржавте. Ми се чини до сега бар јас немам чуено поуспешен пледоаје за едно мултиетничко општество.

Според тоа, дозволете, можеби сум јас малку емоциониран, но ќе кажам зошто сум емоциониран да ви честитам на еден говор, кој чини чест на Република Македонија, нарочно н аонаа Репбулика Македонија, која е пред се, рамковна и која е пред се, кандидат за пристап во Европа.

Има три причини генерални, заради кои ме возбуди вашиот говор и тие се субјективни. А после имам една причина, поради која сакам да ви скренам внимание на некои грешки. Грешки, се разбира, по мое мислење.

Првата причина е што ме потсетивте на еден потресен начин дека ниту еден од нас не ги бирал своите родители, ниту еден. И никој од нас не е винвоен, или заслужен за својата етничка припадност. Тоа е голем принцип, најголем принцип, кој е сместен во сите листи на човековите права.

Вториот е многу интересен. Имав жива асоцијација на една мисла на Мусолини. Тој некаде 30-тата година рече: “ господа демократијата е скапа”. Е скапа е. Ама тоа говори дека кога се изнесуваат и факти и тоа може да биде штетно, затоа што ова е фашистички факт, изречен од Бенито Мусолини, 30-та година.

Третото е просто комично, не е потресно. Дадовте бриљантен, релевантен одговор на сите оние што имаат мислење по оваа материја, но не се согласни со него.

На крајот, сакам да ви кажам, да ви свртам едно внимание, дека е многу опасно да се предицира на демократијата. Демократијата е еден од тие субјекти неколку, кои во случај ако им се предицира нешто се контаминираат од предикатот и субјектот се топи. Затоа, предлагам да се избегнува предицирање. Вие предициравте амандманска демократија, не. Демократијата е или демократија или не е. Народни демократи имавме колку сакате. Во комунизмот сите бевме народни демократи. Значи, со оваа забелешка, демократијата се познава по инклузивноста, а фашизмот по ексклузивноста. Штом некој сака да ве исклучи од некој процес на било кој начин, тоа не е демократија. А штом едно општество ги вклучува сите свои припадници, тоа е демократија. Благодарам.

И уште еднаш ви благодарам ми го разубавивте денот. Благодарам.

Сега она што го ветивме на господинот Неждет.

Повелете господине Неждет со вашата реплика.

(Реакции од место).

Овде нема такви за голема среќа на Република Македонија.

**Неждет Мустафа:** Почитуван претседателе, после вашите убави зборови, реплицирани за убавиот говор на почитуваниот колега Кенан Хасипи, лично сметам дека било што да говорам би било одвишно, но сакам навистина, од се срце да го сведам целокупното внимание дека денес и деновите кои што ќе идат да дебатираме по оваа дискусија ќе биде испит на македонската демократија, дали ќе го положи правото на националните малцинства во Република Македонија да се почитуваат и препораките и Уставогт или навистина, ќе го газиме гласот на националните малцинства во Република Македонија.

Од таа причина, јас молам, ги молам сите колеги и сите политички партии и субјекти да не се конектира погрешно нашата аспирација. Нашата аспирација е правото за нашиот глас. Тоа право го нема никој за да не ни го дава. Во однос на тоа говорот на Кенан, на Шабан Салиу, на Неждет Мустафа, на Есад Рахиќ и на другите претставници на националните малцинства ќе биде говор само за барањето на правото на глас. Тоа не е почитувани колеги вртење на грб. Ние со огромна почит ја следиме можноста на Социјалдемократите што во минатото ни ја дадоа. На таа релација, дозволете уште еднаш почитувани колеги, политички партии, во однос на правото на глас, да ја почитуваме демократијата и постоењето на националните малцинства. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли контра реплика? (Нема).

Госпоѓа Зумрете Јакупи не е овде.

Според тоа, има збор госпоѓа Ајше Селмани, повелете.

**Ајше Селмани:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со измените на Изборниот законик им се овозможува на помалите етнички заедници во Македонија, како што се Србите, Ромите, Власите, Турците и Бошњаците, да имаат 10 гарантирани пратенички места во Собранието. Додека на етничката албанска заедница не и се овозможува ништо. Оваа одлука според мое мислење е антиуставна, но и антиалбанска, од причина што како што знаеме преамбулта на Уставот на Република Македонија дефинира дека Република Македонија е држава на македонскиот народ, како и дел од албанскиот народ, турскиот, влашкиот, бошњачкиот, српскиот, ромскиот и други, со што се дефинира дека во Република Македонија имаме мнозински етнички заедници и немнозински заедници. До колку навистина се прифати да има резервирани места за етничките заедници кои не се мнозинство, освен Албанците, тогаш треба да се измени Уставот на Република Македонија и да се дефинира дека Република Македонија е држава на македонскиот народ и албанскиот народ, како и дел од другите народи кои што живеат во Македонија. Овие измени кои ги предлага Владата уште од старт со многу недостатоци и од сите аспекти на штета на Албанците. Поконкретно, овие измени и дополнувања со гарантирани мандати, претставуваат едно искривување на Бадинтеровото мнозинство и преку ова се стреми на завршување на обврските, кои се одолговлекуваат во овој Парламент.

Со овој предлог, се кршат неколку основни начела воспоставени порано кога се говори за измените на Изборниот законик, правила кои се над принципи во секоја демократска држава. За донесувањето на еден ваков законик, треба да има политички и етнички консензус. Бидејќи, ова не успеавте да го направите порано, добро направивте што предложивте да оди овој законик во две фази и ние се надеваме дека во втората фаза нема да ја направите истата грешка.

Исто така, оваа несериозна измена го крши основното начело за правична и соодветна застапеност на сите етнички заедници, загарантирани со Устав. Зголемувањето на бројот на пратениците од 120 до 130, колку што се предлага, видливо ќе го намали процентот на албанските пратеници во овој Парламент и релевантноста на албанскиот електорат, односно на албанскиот глас. Посебно начелото на Бадентер кој е единствен механизам за заштита од мајоризација. Ова се разликува сериозно од одредбите и духот на Охридскиот рамковен договор. Ние за да го заштитиме последново, кој го сметаме како свет договор, кој и овозможи на Македонија еден забрзан од кон Европската унија, предложивме амандмани кои се погодни за сите етнички заедници, не оштетувајќи ниту една етничка заедница. Ова е во однос на измената на изборниот систем. На пример, неколку амандмани се во однос на тоа, Македонија да биде една изборна единица и да не постои изборен праг. Ова мислам дека ќе ги исполни барањата на сите етнички заедници.

Изборниот законик е суштина на демократијата во секоја земја во светот и оттука, произлегува елементарното право на секој граѓанин за да гласа. И ова е причината дека за ова прашање секаде во светот се вршат остри дебати, бидејќи Изборниот законик има третман ист како и усвојувањето на Уставот.

Едно друго прашање за кое би сакала да дискутирам во врска со овој Изборен законик е проблемот на гласањето на дијаспората. Независно од мотивите и причините кои ја воведоа актуелната Влада да предложи измени на Изборниот законик, три години пред идните избори, во едно неповолно време за нас кога од нас се очекува да донесеме многу закони кои се приоритет за Македонија, во време кога Европската комисија подготвува извештај во врска со достигнувањата и неуспесите на оваа Влада, нам задолжително ни се наметнува потребата на еден сериозен пристап во врска со овој изборен законик.

Цениме дека гласањето на дијаспората сега засега е неможно, од причина што Република Македонија нема поволни услови за гласање овде, а камо ли во странство.

Понатаму, нема точни информации колкав е бројот на наши граѓани кои престојуваат надвор од земјата. Бројот на дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија не е доволен. Има приближно 47 ДКП и ова сериозно го отежнува присуството на гласачите кои треба да патуваат најмалку по шест-седум часа за да стигнат на гласачките места во соодветните ДКП.

Понатаму, гласањето на еден ден порано, во Македонија ќе ја загрози тајноста на гласањето. Трошоците за организацијата на изборите во странство ќе бидат многу повисоки. Ова двојно го оштетува Буџетот на државата во однос на

финансирањето на изборната кампања, чие времетраење нема да биде исто како и во Република Македонија.

Понатаму, сите политички партии немаат исти можности да организираат кампања и да го следат изборниот процес по гласачките места кои ќе се одржат во ДКП и со ова се дава можност на спорењето на било каков резултат.

Посебно за Албанците иселеници не им оди во полза, истовремено е неможно, од причина што еден голем број на граѓани Албанци кои живеат и престојуваат во странство, не се опремени со соодветни документи, зборувам за државјанство, бидејќи ова им се оспорува на многу државјани кои живеат овде, а камо лина иселениците кои живеат во странство.

Истовремено, за ова сакам да го информирам господинот Матоши кој вчера се потруди да не убеди дека од Америка ќе можеме да добиеме еден пратеник Албанец. Не, господине Матоши, ве излажале. Некој пред вас ги направил многу подобро овие пресметки. Да бидете сигурен дека ниту еден Албанец од Македонија кој живее и работи во Америка сеуште нема стекнато државјанство кои со години се таму и не се вратени овде. Ве молам, од овој аспект не бидете толку наивен.

Врз основа на оваа дискусија можам да констатирам Законикот да биде вистински прифатен од сите парламентарни групи, како што тоа од нас го бара Европа и актуелноста на времето. Овој Изборен законик, треба во втората фаза да се подготви на начин да ги исполни потребите на сите етнички заедници подеднакво, а не само на една парламентарна група, како што е ВМРО-ДПМНЕ. За да се усвојат законите во Владата е многу лесно. Таму постои само едноумие. И ако има повеќе мислења кој смее да не ги прифати и да не гласа предлозите на господинот Груевски. Проблемот е во тоа дека тој предлог, кој ќе помине во Владата треба да се донесе во овој Парламент. Овде работите стојат поинаку. Има повеќе парламентарни групи и секоја се разбира, со свои идеи и мислења. И да биде прифатлив, или да се донесе овој законик треба неопходн да се гласа од пратениците, како од опозицијата така и од позицијата. Значи, како тие кои ја поддржуваат Владата така и тие кои ја оспоруваат Владата, бидејќи сносат одговорност сите подеднакво, како опозицијата, така и позицијата. Во Владата има помалку министри, отколку во Парламентот што има пратеници. Тие се принудени да ги усвојат без да ги предвидат последиците, бидејќи поинаку нема да бидат претставници на Владата на Груевски. Но, ние почитувани пратеници сме претставници на народот и на терен се среќаваме со повеќе наши граѓани низ цела Македонија. Овде ги носиме и нивните мислења, бидејќи за тоа не избрале.

Изборниот законик е прифатлив за сите граѓани Албанци. Затоа, ние се залагаме овој законик да биде дел од албанскиот народ. Ние нема да дозволиме овој изборен законик да се накити за разни игри, да пее разни песни и да го облекува со облека како се менуваат годишните времиња, за да се исполнат апетитите на некој за да направи разновидни манипулации. Кога му се стеснува кругот некому, зошто тогаш Албанците да бидат тие кои ќе претрпат најмногу. Се обвинуваме во разни медиуми, но и овде во овој Парламент од парламентарното мнозинство дека ДУИ е против помалите етнички заедници. Како е можно ова? Како е можно ова почитувани пратеници кога се знае кој повеќе од Албанците го почувствувал на свој грб сето ова? Кој повеќе од Албанците го почувствувал тешкиот товар на дискриминација во оваа држава? Кој повеќе од Албанците е малтретиран физички и психички само затоа што е малцинство? Кој повеќе од Албанците се потруди со се срце, со години да ги убеди другите дека сме автохтон народ, дека сме тие кои и го сакаме доброто на оваа држава, дека сакаме и ние права да живееме исто како и другите.

Затоа, не е воопшто вистина дека сме против овие заедници, но сакаме да им помогнеме колку на самите себе си, толку и на нив, за да не бидат плен на господинот Груевски со една ваква постапка, со една несигурна постапка да ги држи во заложништво за да го обезбеди двојното мнозинство. До колку ДУИ е против правата на другите етнички заедници во Македонија, тогаш кој е тој што им го сака доброто на тие заедници. Можеби Никола Груевски со неговата партија, кој чукна со сите во ова Собрание за да го спречи легализирањето на Универзитетот во Тетово за да згазне единственото светло на образованието на Албанците против правото на еден друг етникум во Македонија. Можеби во Законот за празниците се предложи најмалку еден албански празник да биде државен празник или не е Никола Груевски тој кој секојдневно изјавува дека албанскиот јазик никогаш нема да биде службен јазик во Република Македонија. Инвалидите од војната никогаш нема да имаат внимание од оваа држава. Можеби овие постапки ви изгледаат како поддршка за внмание или голема љубов за другите етнички заедници. Ова почитувани пратеници не е патриотизам ниту почит за граѓаните со поинаква етничка припадност, туку едноставно едно поттикнување за омраза и меѓуетнички раздор, една дволичност на раководител на една влада кој не знае да создаде единство на еден раководител на влада на кого албанскиот збор му сее страв, секогаш кога го слуша и затоа често пати се труди да каже некој збор на албански за да го надмине овој страв и да се убеди себе си дека не е ништо друго освен еден јазик како и сите други јазици.

Целта на Груевски е да ги иритира Албанците, тие да се бунтуваат, додека тој полесно да ги реализира своите цели. Ова има врска со тоа господине претседател.

**Љубиша Георгиевски:** Врска со се, според Хераклит.

**Ајше Селмани:** Неговата примарна цел е потценувајќи ги Албанците да обезбеди повисок

рејтинг за него и неговата партија, така што почитувани колеги политичарите кои обезбедуваат висок рејтинг многу лесно и брзо се претвораат во диктатори. Но, диктаторите како господинот Груевски поодамна поминаа бидејќи немаат место во Европската унија.

Овој изборен законик вака како што е предложен формира преглед на една етничка македонска држава. Една ваква состојба несомнено произведува непријателства меѓу заедниците, а ова е еден горчлив чекор за Македонија која се стреми кон НАТО и Европската унија. Јас апсолутно сум против овој закон кој во начело го нарушува Охридскиот рамковен договор. Сите тие пратеници Албанци кои го знаат значењето на овој договор, ги знаат и ги доживеале потешкотиите, страдањата и жртвувањата кои се направија за тој договор. Убедена сум дека нема да го подржат овој изборен законик без основни измени и нема да згазат врз пролеаната крв. Инаку, ќе биде втор пат, на драстичен начин да се девалвира гласот на Албанците. За оваа грешка ќе ве осуди историјата.

За жал, вчера се покажа спротивното од моите убедувања, пратениците на ДПА со голем фанатизам го штитеа овој закон како да е нивен предлог.

Ќе ви предложам почитувани колеги, да седнете и да го анализирате подобро овој законик се додека го разберете антиалбанството во овој законик. Прашајте ги експертите, аналитичарите од овие области, и ако ви недостасуваат во вашите редови ние сме подготвени да ви понудиме помош од наши експерти. Доколку и ова нема да ви помогне, јас го молам господ да ви помогне вас и да ве освести. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо или госпоѓице Селмани, заблагодарувајќи се ...

(Реакции од пратеници во салата)

Тишина ве молам.

Госпоѓо Селмани, заблагодарувајќи ви се на вашиот говор и допуштајќи се разбира грешка во преводот или лапсус лингве, за што однапред се оградувам...

(Реакција на пратеникот Рафис Алити со зборовите: “На говорница ве молам”)

Не, не е ова реплика, ова е интервенција на претседавачот.

(Пратеникот Рафис Алити станува од местото и упорно инсистира претседателот да излезе на говорница.)

Не, не е воопшто злоупотреба.

(Реакција од пратеникот Алити)

Ова е деловничка интервенција, но бидејќи вие не наредувате, ќе излезам на говорница.

(Претседателот Љубиша Георгиевски излегува на говорница)

Имам ли дозвола од вас господине Алити?! Можам ли да говорам?!

Сакам само деловничка интервенција како претседавач да направам. Реков допуштам да е грешка во преводот, допуштам да е лапсус лингве, но сериозен е фалсификат да се говори за мнозински заедници во нашиот Устава. Нашиот Устав не познава таков поим, ништо друго. Веројатно, јас сум убеден, дека се работи за лапсус лингве, најмногу сум убеден дека се работи за грешка на преведувачот, затоа што тешко е да се преведува  симултано и тоа не е ништо страшно. Меѓутоа, дозволете ми и јас да земам збор господине Алити. Ако треба и од балкон ќе говорам, само вие наредете!

(Претседателот се враќа на претседавачкото место)

Повелете процедурално госпоѓо Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе, вам ќе ви се обратам, бидејќи не ја прекинавте говорничката на неколку пати. Сметате ли и вие како неа дека и сонцето кога грее во Македонија е антиалбански чин, сметате дека и дожд кога врне во Македонија е антиалбнски чин. Ако се согласувате со такво нешто, тогаш разбирам зошто не ја прекинавте. Но доколку не се согласувате со такво нешто, имаше повеќе моменти во кои вие требаше да ја прекинете. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Просто избегнувам, тоа не е мој стил да прекинувам кога не морам, се разбира, и просто допуштав да е или лапсус лингве или грешка во преводот, ќе видиме, тоа не е страшно.

Процедурално, повелете госпоѓо Теута Арифи.

**Теута Арифи:** Почитуван претседателе,

Јас сакам да изреагирам процедурално затоа што во дебатата која се одвива тука, која е една дебата доста чувствителна, која во принцип навлегува во многу чуствителни теми како што се меѓуетничките односи, затоа што на крајот на краиштата не бевме ние виновните зошто е оваа тема во Собранието, туку е Владата и секако мнозинството, затоа што сакаше за оваа тема да се дебатира, ве молам да се има предвид фактот дека тука ние зборуваме и за политички чувствителни теми и за политички моменти и водиме политичка дебата. Имајќи го предвид фактот дека исто така и вчера на наша адреса колективно беа изнесени исто така колективни навреди, па никој не беше прекинат, и ние тоа сепак го земавме како дел од тензијата која се создава во овој момент на еден ваков тип на дебата, ќе ве замолам во однос на политичките квалификации кои ги искажуваме тука како политичка партија која е во опозиција, која може и пожестока да биде во своите аргументи, да се земат како дел на нашите политички ставови, а не евентуално процедурално да се прекинеме за нешто што немаме искажано.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Значи вие пледирате да продолжам да не прекинувам, и јас се согласувам.

Повелете господине Кондарко процедурално.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Само кусо во врска со вашата процедурална интервенција во однос на пратеничката од ДУИ. Мислам дека сепак вие, за жал, претседателе, не сте сфатиле добро, не пратеничката туку не сте ја сфатиле добро намерата на вашата партија ВМРО-ДПМНЕ. За жал, преку овој закон ВМРО-ДПМНЕ се обидува или промовира двонационална држава со два конститутивни народа. Не е лапсус лингве, претседателе и малку треба поинаку и посериозно да размислувате кон што води донесувањето на еден ваков закон од многу повеќе аспекти.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали може да продолжиме сега?

Има збор господин Тито Петковски, имате уште 10 минути до паузата. Дали сакате сега да говорите па да продолжите или сакате од почеток да започне вашиот говор после паузата за ручек. Тоа е ваш слободен избор.

(Пратеникот Петковски бара да зборувам после паузата)

Прекратко ви е ова време од 10 минути.

Во тој случај објавувам еден час пауза за ручек.

Бидете љубезни паузата да трае 1 час, но да почнеме на време барем во 14,30 часот да почнеме, бидејќи имаме 10 минути подолга пауза. Бидете љубезни.

(Пауза од 13,21 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,38 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата ќе продолжиме со седницата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, време е да продолжиме со седницата.

(Минуваат минути на чекање).

Продолжуваме со седницата.

Има збор господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Господине претседател, почитувани колеги пратеници, дами и господа, претставници на Владата.

Пред се би сакал да кажам дека сите овие години на македонскиот политички плурализам никогаш не сум ја застапувал тезата за носење закони по скратена постапка. Мислам дека од номотехнички аспект не е добро, се губи на квалитетот на законите .

Се разбира, можам да прифатам само постапка, вака по скратена, до колку се работи за вонредни околности и дека законодавниот дом мора итно да носи одлуки кои се во функција на консолидација на состојбата, пред се на политичката.

Низ таа призма го гледам напорот на Владата да се надмине кризата во политичкиот дијалог, да се започне со еден процес кој е од суштествено значење за државата, нашето легитимирање пред Брисел, пред конечниот извештај на почетокот од ноември, за прогресот на Република Македонија во 2007 година и нашите шанси за побрзо добивање датум за преговори. Мислам дека на тој план секоја иницијатива е легитимна. Овде слушнав различни мислења дури нека биде во функција на надминување на проблемот со Бадентеровото мнозинство, иницијативата на Владата е легитимна. Прашање е дали мораше да дојде до состојба кога на ваков начин тоа ќе го совладуваме, сепак говори за нашата заедничка неподготвеност да разговараме за круцијалните прашања од значење за државата. Но, мислам дека и тоа барање е легитимно. Па, нека се стави во контекст. Некои проговорија дека се подготвуваат предвремени избори, па дури да е и така,и тоа е добро.

Праксата, сите овие години наназад изборната регулатива да ја менуваме непосредно пред изборите, се покажа како недобра. Дури мислам дека не е ни правична. Не им дава подеднакви шанси на сите потенцијални учесници во политичкиот натпревар, не ги става во подеднаква положба и останатите кои сакаат да се подготвуваат како независни пратеници, група на пратеници и т.н.

Значи, во сите држави со малку поголема парламентарна традиција од парламентарната демократија, законодавната регулатива се носи доста порано, за да можат сите да си ги измерат шансите и низ таа призма ќе учествуваат на избори, ќе учествуваат сами, ќе учествуваат во колаиции, заеднички листи и т.н.

Ја застапувам тезата дека и на Република Македонија и треба законска регулатива доста, доста пред започнување на изборната трка,од аргументите за кои говорам. Дури не треба да се крие тоа, пред малку реков, некои во јавноста доста ја ширеа тезата дека власта се подготвува за предвремени избори. Ако се случи тоа било за какви поводи и поради кои причини, мислам дека тоа е основната причин зошто треба да имаме регулатива веднаш. Пред изборната активност, по правило, во сите земји започнува од моментот кога една власт започнува да владее, кога ги добива изборите, започнува да ја спроведува програмата од тој момент практично започнуваат предизборните активности, за сите потенцијални и сите кои се веќе во политичкиот живот.

Гледано од тој аспект, мислам дека не се основани приговорите зошто токму сега се носи овој закон. Законот можеме да го предлагаме во секој момент и би било добро по него да отвориме расправа и сега ќе кажам сосема јасно, она што многумина пријатели од опозицијата потсетуваа на тоа дека за ваков проект, за ваков закон добро е да обезбедиме максимален консензус меѓу сите учесници во политичкиот живот. Јас исто така ја застапувам оваа теза. Особено кога станува збор за изборен законик од причини, дел за кој пред малку зборував, мислам дека би било добро да се обезбеди политички консензус. Но, ако не може да се обезбеди политички консензус, заради нашата упорност и инсистирање да се прифатат токму нашите ставови, власта има одговорност да предложи проект и по него да се дебатира. Во таа

смисла ја гледам денешната расправа и сакам да ја поздравам во таа смисла подготвеноста на Владата да прифати овој закон да се носи во две фази, да го утврдиме како Предлог за донесување на закон и во втора фаза по него да отвориме расправа, дебата и во втора фаза конечно да го донесеме законот.

Мислам дека е добро дури и да заклучиме, господине претседател, на крајот од седницата, претпоставувам во таа насока ќе следи заклучокот на Собранието, по овој Предлог за донесување на закон или ако сакате потреба за донесување на закон, да се отвори јавна дебата дури и кај невладините организации, политичките партии, експертската јавност. Ги имаме согледувањата на меѓународните асоцијации и организации кои се во Скопје и на таа основа да изградиме еден изборен законик кој ќе биде по мерка на мнозинството граѓани.

Мислам дека токму овие прашања кои сега се покренуваат со овој Предлог за донесување на закон, се едни од најсензитивните, најчувствителните кои се покренуваат сите овие години наназад, а за кои мислам не смогнавме доволно политичка сила како политички партии да проговориме отворено и да бараме решение.

Во таа насока добро не потсети мојот колега односно нашиот колега Кенан Хасипи и тоа е за поздравување, практично направи една ретроспектива на сите овие иницијативи, домашните искуства, меѓународните, во сферата на положбата на етничките заедници, особено оние што се помали и мислам дека ако на таа основа ги продолжиме дебатите, еве гледате и во денешниот печат има спротивставени мислења на експертите дали е ова добро или не е добро и конечно кога ќе пристапиме кон донесувањето на овој законик, мислам дека треба да го направиме побрзо, не треба да чекаме да поминат 5, 6, 7 месеци, да отвориме квалитетна јавна дебата по него и да го донесеме законот. Ако успееме докрајот на годината би било добро. Би била добра и пораката и овде и надвор кога во меѓувреме, еве сега се решаваат многу прашања од суштествено значење за Република Македонија.

Добро е што почнавме да дебатираме и да расправаме по овој закон.

Во тие рамки сакам да ги изнесам моите размислувања и се разбира ставот на НСДП по овие прашања, а би рекол нешто сосема кусо за едно прашање за кое овде, за жал или за среќа, имаше многу мала дебата. Можеби е индикативно зошто е тоа така, но ќе одам по ред.

За положбата и статусот и решенијата што се во законот за помалите етнички заедници, јас мислам дека на сите ни е јасно, нашиот Устав е доста либерален, демократичен, добро ги уредува правата за негување на културниот идентитет на етничките заедници, говорам за сите, без исклучок, но, дека имаме обврска да создаваме услови за социјална правда, ако сакате за институционална недискриминација на етничките заедници.

Се обидуваат сите хетерогени општества на овој план да најдат вистинска мерка, тешко ќе најдете општо задоволство, слично да речеме во Централна, Источна Европа или во земјите кои се веќе долгогодишни членки на Европската унија, па не се многу демократични. На пример една Франција која е еден од основоположниците на парламентаризмот, но има по однос на етничките заедници доста дискриминаторни одредби, дури и системот е доста дискриминаторен. Тоа е една од земјите каде се најдискриминирани етнички заедници. Но, таа е столб на Европската унија. Значи, различни се искуствата. Тука да кажеме дека има некое правило кое ќе важи за сите, не може да се применува, можеме да користиме туѓи искуства, но не можеме да ги накалемиме на нашиот систем.

Сега, прашање е, како да ја најдеме вистинската мерка.Јас ќе тргнам од она што стои во Законот, во Предлогот за донесување на закон како причини по основ. Овде, за оваа одредба, се спомнува во законот преамбулата на Уставот. Мислам дека таа не може да биде правен основ. Правен основ за ваквите одредби, мислам дека некој спомна на вчерашната дебата, може да биде единствен амандман 6 на Уставот на Република Македонија, каде стои, еве за оние кои во овој момент го немаат во вид, само ќе ги потсетам, амандманот 6 вели вака: “соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедницви”. Внимавајте, на сите заедници. Во органите на државната власт, под што го подразбирам и Собранието, се разбира, и другите јавни институции на сите нивоа. Мислам дека е тоа најдобриот модел што Македонија го проектира со уставниот амандман и на таа основа да градиме натамошно надградување, а јас би рекол на демократијата и апсолутно сум убеден дека е во функција на јакнење непосредната демократија во Република Македонија.

Е, сега, ако бидеме консеквентни на примената на уставниот амандман, треба да размислиме дали само, а јас сум сосема категоричен, мислам дека не треба само овие етнички заедници што се спомнати во Уставот, за да бидеме дури ако сакате доследни и од одредбата од преамбулата. Во преамбулата се спомнуваат овие етнички заедници, меѓутоа, на крај завршува и другите, а другите значи и останатите етнички заедници кои живеат во Република Македонија.

Значи, во таа смисла мислам дека би било добро во оваа јавна дебата што ја отвораме да размислиме дали не треба да го надградиме решението што постои во смисла и на другите етнички заедници кои не се спомнати во преамбулата да им се даде шанса. Мислам дека на тој начин ќе бидеме апсолутно поблиску до интенциите на Уставот, да бидеме и демократска држава, да градиме правичен систем, па ако сакате да имаме и коректен однос кон припадниците на сите етнички заедници и сите граѓани во Република Македонија.

Сега, се поставува прашање, овде се водеа доста дискусии околу тоа, дали е ова добро решение. Низ призма на она што колегата Хасипи го кажа, но општо искуствата во Европа, тука се поставуваат две прашања, а можат да бидат и два одговори. Гледано од аспект на државните интереси, мислам дека е добро решение, до колку го надградиме во оваа смисла за која говорев. Доследни на уставниот амандман.

Дали е добро, за тоа ќе ги прашаме припадниците на етничките заедници. Не можеме ние да кажеме Македонците, Албанците, како поголеми заедници во Република Македонија да кажеме е ова е добро за нив, другото не чини. Дури и ако сметаме дека лидерите на политичките партии на овие етнички заедници ја злоупотребуваат положбата или не ги бранат консеквентно, доследно интересите на припадниците на етничка заедница, дајте во овие рамки на расправата и тоа да го провериме. Можеме да ги консултираме, да организираме трибини кај една, кај друга, кај трета заедница и да поразговараме.

Морам да ви кажам, ќе се послужам со еден пример, многу ми се допадна една компарација на еден универзитетски професор неодемна изнесена во една колумна и асоцијацијата на автобусот како големите политички партии ги убедуваат малите на етничка основа дека, па зошто барате да се возите во автомобили кога ние имаме одличен автобус. Па, дајте во нашиот автобус возете се, иако последните седишта ви се загарантирани. Значи, најилустративно говори дека правото на припадниците на другите етнички заедници е да кажат отворено дали го прифаќаат ова или не. Се работи за нивниот статус. Мислам дека само на тој начин ќе бидеме блиску до уставниот амандман да обезбедиме не дискриминација, рамноправна застапеност на сите припадници на етничките заедници во државата на сите нивоа како што вели уставниот амандман.

За жал, со години station наназад, па еве ако сакате и на овие избори морам да кажам дека имаше најблагоречено некоректен однос кон припадниците на етничките заедници помали, па дури овде слушнав трговија. Зборот трговија. Па зарем што се работеше досега, тоа го мислам за двете поголеми политички партии, за ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДПА, ДУИ итн, ќе ги повикаат и ќе им кажат, ќе ви обезбедиме ние висока позиција, едно, две места ќе имате гарантирани во Парламентот, но дајте гласајте за нас. Како да го наречеме тоа. Аjде, јас ќе го наречам договарање, значи не е пазарење, тоа е договарање. Во секој случај треба да се најде вистинската мерка таа пракса да прекине. Е, сега, прашање е како да се дојде до остварувањето на таа цел. Дали гарантирани мандати вака како што е предложено. Има искуства во Хрватска, во Словенија и во другите земји, беа спомнувани, да не се повторувам. Ако се гарантираат мандатите, тогаш мислам дека сме помалку праведни, отколку да се размислува за предлогот на ДУИ. Република Македонија е една изборна единица, тогаш чувството дека некој добива, дека некој на некого му поклонува, му дава или е малку или е многу, апсолутно ќе се изгуби. Тогаш, може да се пресликаат, а сликата за етничката структура на Македонија во Парламентот, а ја слушнав и тезата дека Македонија има амбиции да гради цивилно општество и дека ова е во погрешната насока. Јас не се согласувам. За наши прилики и за нивото на развојот, ако сакате и на општествените односи и на политичката култура, мислам дека тоа е пократкиот пат да дојдеме до целта. Луѓето преку сопствената идентификација и нивната претставуваност во институциите, значи институционална идентификација, побрзо ќе дојдат до остварување на крајната цел човекот како најголемо богатство, а не припадник на оваа или онаа етничка заедница. Тој процес колку ќе трае никој не може да каже. Некои земји, говорев пред малку, Франција ни ден денес не е ослободена. Меѓутоа, во други земји не е битно. Во Англија воопшто не е битно дали сте црн, бел, припаѓате на таа или на оваа партија или во САД уште повеќе. Таму луѓето и бојата на кожата, верата, расата и етничката припадност немаат никаква улога. Човекот игра основна улога со своето знаење, способност и тој си го бира сопственото место во општеството, а државата треба да создава само услови да се дојде до тоа. Мислам дека вреди да се размисли. Па, еве да направиме и симулации, предлагачот, Министерството за правда на овие дебати што ќе ги отвориме да направиме и симулации и да видиме каков ефект ќе даде тоа и да дојдеме до патот на компарација на искуствата и по патот на сондажата на овие компарации што ќе ги направиме и ако сакате симулации, кое е најдоброто решение, за тоа да се определиме. Кое во најголем случај ќе ги гарантира очекувањата, желбите на припадниците на сите етнички заедници. Мислам така ќе донесеме правичен закон, и праведен и правичен закон. Да ги чуеме мислењата на сите и на крај да се договориме.

За дијаспората, мислам дека тоа е прашање кое е доста експлоатирано, а јас би рекол за кое има премногу политиканство, а многу малку политика. Од осамостојувањето на Република Македонија постои желбата оние луѓе што се откоренети од овде, од Македонија по било која основа, било политичка и најмногу по социјален основ итн, таа е македонската емиграција во најголемиот број. Како да се држат со чувството дека припаѓаат на една заедница. Како да бидат не само мост на пријателство и соработка, туку да бидат промотори и на многу демократски процеси, а особено во сферата на економијата на Република Македонија, со своето знаење, искуство, креативност, менаџмент итн, па ако сакате и финансиите. Како да имаат чувство да ги вложуваат во Македонија. Не говорам за етничка припадност, за луѓе по било која основа отишле таму. За нив говориме само во пригодни прилики кога ќе дојдат овде, особено летно време доаѓаат луѓето со автобус, ги шетаме низ Македонија, ќе

им направиме неколку куртуазни приеми овде, тие ќе се расплачат малку, ќе земат некое ЦД, ќе слушаат народна музика и ќе си одат. Тоа, мислам дека е крајно непродуктивно. Не сакам да се споредуваме со она што се случи, да речеме, во Централна Европа, особено земјите кои што брзо станаа членки на Европската унија. Дали се сеќавате, дали некој може од вас да се сети кој наш граѓанин од Република Македонија, што долги години живее во дијаспората, финансиски добро стои, етаблиран е добро од тоа општество, да купи нешто во Република Македонија. Никој, јас не можам да се сетам. Нешто ситено, се разговара, се преговара итн, меѓутоа оние што беа во Унгарија, во Словачка, во Чешка, во Полска, најголемите би рекол учествуваа во распределбата на државниот и општествениот капитал, учевствуваше нивната дијаспора и тие им создадоа услови. Ако сакате Хрватска, веднаш по создавањето на плуралистичка Хрватска донесе и министри од дијаспората и пратеници. Е, прашање е како тоа да го решиме. Ако сме определени како држава тие интереси да ги штитиме односно тие вредности да ги зголемуваме, а тоа значи како да го искористиме тој потенцијал наш, ние треба да создадеме услови да учествуваат во градењето на нашиот вкупен живот и економски и политички систем итн. Многу добро претходната говорничка, моја колешка ги лоцираше лошите аспекти на тоа зошто дијаспората не треба да гласа. Ќе кажам само некои што не беа кажани за да не повторувам. Нема да ја делат нашата судбина, живеат таму, живеат подобро, а ќе одлучуваат за нашата иднина. Нема да издвојуваат за даноци итн. Тешко можеме да направиме список избирачки, бидејќи не знаеме како е. Ние во законот предвидуваме основ што мора да бидат државјани на Република Македонија, што значи да поседуваат и пасош. Како да ја направиме таа евиденција во услови кога имаме многу скромно опремено дипломатско конзуларно претставништо, а такви имаме многу малку. Тоа, исто така беше многу илустративно прикажано. Меѓутоа мислам дека имаме обврска полека да создаваме претпоставки, да ги мотивираме луѓето, граѓаните од Република Македонија, од дијаспората да се врзуваат повеќе за Македонија. Дури некои ме прашаа како ти предлагаш, кога разговаравме тука во холот, па тие луѓе овде практично не можат да доаѓаат на седница. Ние 5 дена во неделата имаме седница и тие луѓе треба тука да живеат во овои наши услови. Ако Владата е подготвена за министри да плаќа, ќе плати и за пратеници. Тоа е интересот на Македонија. Тие луѓе ќе го унапредуваат севкупниот живот во Република Македонија. Мислам дека таа цена е помала што треба да ја платиме односно профитот е многу поголем, отколку што цената треба да ја платиме за тројца претставници.

Мислам дека, почитувани колеги, тројца претставници на дијаспората се само симболично претставување, без јас би рекол суштествено политичко влијание на една или друга политичка групација, идеолошка или десничка, ако сакате, бидејќи факт е дека ние сме организирани на етничка основа како политички партии.

Сакам да подвлечам јас сум за тоа да почнеме да создаваме претпоставки да ги интегрираме нашата дијаспора во нашиот севкупен развој и мислам дека тоа ќе значи унапредување на демократијата и на економијата, достигнувањето на сите технолошки прогреси итн, ефектот за Македонија, сум сигурен дека ќе биде подобар и ќе не натера да размилуваме, подобро да се организираме, да ги правиме објективни избирачките списоци. Ако на таа релација се плашиме дека ќе има злоупотреба на власта, фалсификати итн, дајте да видиме како тие што отидоа пред нас го прават тоа истото, да го направиме и ние. Значи, да не измислуваме топла вода. Сум за тоа да се размислува како од тоа повеќе да не убеди сите нас, кога ќе бидат изборите, да кажеме дека се регуларни, бидејќи во Република Македонија најголеми забелешки сите овие години имаше околу регуларноста на изборите. Така и беше речено, доста е конкретно дека ние не сме способни тука да организираме до крај регуларни избори, па сега и во дијаспората. Но, тие таму се подобро организирани од нас. Мислам дека ќе можеме, па ако сакате зошто да не размислуваме и да гласаат преку интернет итн. Ако имаме добра волја како политичко прашање да ја интегрираме дијаспората во нашиот живот, мислам дека не е тешко да најдеме формално-правно решение, ќе го најдеме.

Последно за што сакам да говорам е ова што се внесува како предлог во член 11 на законот, внесувањето на уште по еден член во избирачките одбори од претставниците на најголемата партија во опозиција и партиите кои што се на власт во парламентарното мнозинство. Тоа некако никој не го посочува и мене ми личеше дека ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ се договориле, бидејќи тие двајца ќе бидат претставници на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ. Тие се двете најголеми партии. Нема место ниту за ДУИ ниту за ДПА според ова решение. Сакам да кажам дека и за мене и за НСДП тоа е неприфатливо, меѓутоа не поради овие аргументи, пред се, поради тоа што вчера беше многу убав насловот во еден весник, не се сеќавам кој, дека се враќаат тепачите на изборите. Значи, го поминавме овој изборен циклус парламентарен, парламентарни избори и мислам дека беше еден од најкоректните, фер и дека тоа го направи пред се, департиџацијата и деполитизацијата на изборните органи. Мислам и убеден сум дека ова е чекор назад, враќање. Кога гледаме дека еден модел функционира добро, прифатен е, добро оценет дома, организиравме фер избори, од надвор е добро прифатен, зошто се враќаме пак назад. Ние веќе го имавме тоа. Значи, до крај департизација, деполитизација на изборите, градење на стручни тела, имаме шанса да ги праќаме на едукација надвор, овде дома, сега има Академија за судии. Зошто не направиме и за администрацијата многу

повеќе, до крај да се залагаме да биде департизирана таа јавна администрација, за да веруваме. Порано најголемите критики беа, се сеќавата, ВМРО-ДПМНЕнајмногу критикуваше дека не го прифаќа ова решение, затоа што администрацијата е пред се од СДСМ. Значи, луѓето чесно ја завршија работата. Зошто сега тоа да го менуваме. Да го надградуваме, а да не го менуваме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплики се јавија Блерим Беџети, Неждет Мустафа и Теута Арифи.

Господин Блерим Беџети има реплика.

Повелете, вашите три минути.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам.

Со сета почит за вашата личност, господине Тито Петковски, меѓутоа сепак сметам дека вие сте претседател на една партија која што е трет партнер во ова парламентарно мнозинство во оваа Влада. Сметам дека вашите проценки, вашите погледи, вие треба да ги направите во егзекутивата пред да дојдат предлозите за соодветните закони да се расправаат во Собранието. Многу ми е нејасна позицијата на вашата партија во Владата. Или не ве слушаат, имајќи предвид дека и актуелно заменик министерот е од вашите редови и има многу нејаснотија во однос на една отворена, јавна расправа за овие измени и дополнувања на Изборниот закон, кои што сега веќе не се направија и кога сега со нашите амандмани ве принудивме да оди во две фази, сега вие сте за поширока јавна расправа. Дали можеби не можете да влијаете да се осети ова парламентарно мнозинство и да дебатира така како што рековте во текот на вашата дискусија. Значи на поширока јавна расправа за варијантите за дијаспората, загарантираните места. Не сакам погрешно да ме сфатите, немам против ништо за вашите дилеми и вашите погледи, меѓутоа мислам дека е упатно вие во својство на претседател на партија, тој придонес првенствено да го дадете во извршната власт, во егзекутивата, а после да не бидете тука контрадикторен кога се расправа во Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има г. Петковски, една минута.

**Тито Петковски:** Господине Беџети, ако внимателно ги следевте сите овие јавни соопштувања и ставови, од првиот момент кога влезе овој закон во процедура, јас го кажав ставот наш и реков дека е добро за ваков закон да се оди во две фази и во поширока дебата.

По однос на втората теза зошто сме тогаш во Владата и не слушаат, мене ми е неприфатливо, бидејќи тоа значи да го укинеме овој Парламент, зошто сме јас и ти тука. Ако ние немаме никаква шанса да влијаеме на проектите што ги предлага Владата, да си избереме само Влада и за Парламентот зошто да трошиме пари за џабе. Значи, мојот став како пратеник често пати и не мора да се совпадне дури и со мојата влада. Нема совршени проекти и секогаш може да се надоградат и пратениците се најголемиот коректив, но сносиме и одговорност. Често пати владите ќе паѓаат и на своето парламентарно мнозинство, значи не само од опозицијата. Тоа е парламентарна демократија, така јас ја сваќам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Мустафа, вашите три минути.

**Неждет Мустафа:** Благодарам претседателе.

Почитуван господине Петковски. Внимателно го следев вашиот говор и искрено со огромна почит ги следев вашите изјави, вашите демократски изјави и вашето демократско потврдување на правата на националните заедници во Република Македонија, со овој предлог. За мене и за ромскиот народ е исклучително важно вашиот глас на вашата партија во однос на загарантираните места на ромската зедница. Ве молам, ако можете гласно да се произнесете дали и вие се согласувате со мојот предлог, она што го пренесов и на премиерот дека ромската заедница според статистиката е праведно да има три резервирани места.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Петковски.

**Тито Петковски:** Да бидам доследен на она што го говорев. Не е лошо да видиме колку учествуваат, со каков процент ако веќе имаме реалност политички партии на етничка основа. Колку, која етничка заедница со кој процент учествува во вкупното избирачко тело, консенквентно на тоа пропорционално да добие и толку мандати. Јас мислам тоа е најправично. За мене е поправично она, доколку бидеме во ситуација да се договориме една изборна единица цела територија, тогаш мислам дека тоа е најправично. Никој не ви дава и не ви зема, од никого поклон, она што ќе си го заработите чесно меѓу избирачите, тоа го добивате и мислам дека е тоа најдобро. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Арифи, вашата реплика.

**Теута Арифи:** Благодарам претседателе.

Почитуван господине Петковски, сакам да реплицирам со неколку од вашите ставови. Во текот на вашиот говор кажавате дека легитимноста, легитимно е Владата да влезе во овој процес, затоа што треба да најде еден начин за да има уште едно мнозинство потребно политички. Легитимноста на Владата да влезе во сите процеси кои се политички, битни според нејзините оценки, ние тоа не го оспоруваме, туку секако спорен е контекстот кога е започнат овој процес. Потоа, спорно е времето во кое започна дискусијата за ова и спорен е начинот за реализирање на оваа цел. Јас мислам дека сите овие три елементи се за оспорување и мислам дека секогаш во име на легитимноста, не е можно, на пример, да влезете во конфликти кои се во моментот или во овој контекст непотребни.

Кажувате, исто така, дека е обврска на Владата да се обиде да работи да најде политички консензус, но доколку не го наоѓа има одговорност да дојде со понуда.

Кога го побаравте тој политички консензус, дали го побаравте тој политички консензус, дали ја отворавте дебатата да најдете политички консензус. Не господине Петковски, вие не баравте политички консензус да најдете, туку едноставно сакавте пред свршен чин да не ставите со вашето мнозинство за да не изгласате овде за прашања кои се битни и за нас, не само за мнозинството, не само за Владата.

Секако дека се согласувам дека мислењето на помалите заедници е битно, затоа што не е добро ние, некој друг да одлучи за нивно добро. Секако дека и ние го делиме тоа мислење и не сакаме ние да им кажеме на другите што е добро за нив, затоа што ни е преку глава од години и години кажување што е добро за нас, кого треба ние да избираме, колку ние треба да научиме и колку ние треба да го користиме нашиот јазик.

Но, секако во однос и на систем на заедничка политичка игра треба сите заедно да бараме што е добро за сите нас, а тоа е секако патот кон една подемократска и поевропска земја.

Токму поради тоа нашата политичка понуда кога дојде тука е земјата да биде една изборна единица, за доброто на сите. Токму поради тоа за да има авторитет на сите, а не тука да разговараме која заедница ќе има едно место, две места, три места, четири места и да ја претвораме дебатата, да не кажам пазарења, ама така испаѓа за кој ќе има едно место повеќе или едно место помалку.

Сакаме во оваа дебата секако да го сочуваме нивото и редот во процесот на претставување за да биде авторитативно за сите.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Петковски една минута за вашата контра реплика.

**Тито Петковски:** Мислам дека апсолутно легитимно е размислувањето. Парламентот е место најдобро, најлегитимно каде што ќе треба да се спротивстават погледи и мислења, политички програми и платформи за да дојдеме до најдоброто решение за Република Македонија. Немам ништо да додадам, навистина легитимни се сите барања на госпоѓа Арифи и мислам дека во текот на јавната расправа ќе се провери издржаноста на сите нив, како и оние за кои ние овде говоревме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Јас пред да почнам да го кажам тоа што го мислев, но бидејќи пред малку пред мене зборуваше господинот Тито Петковски и имаше неколку реплики, а јас не се јавив за реплика бидејќи тоа што сакам да го кажам односно да го пренесам на господинот Петковски, сега ќе ја искористам говорницата и ќе го пренесам, иако еден од дискутантите мислам дека Беџети тоа го кажа.

Почитуван пратеник Петковски, мислам дека колегата Беџети ми кажа, а и јас од оваа говорница би сакал да ви пренесам и да ви кажам односно во иднина кога ќе се донесуваат така важни закони, што и вие го оспоривте овде, односно рековте дека сте овој закон да оди во две фази мислам дека како учесник, не вие, вашата партија во коалиција со останатите партии кои партиципираат во Владата би требало да сомнете снага да придонесете повеќе за тоа што сте го мислеле да не оди овој закон во две фази, да имате влијание во Владата, бидејќи вие бевте за тоа. Од вашето излагање може да се заклучи дека вие сте дека не треба да се брза, тоа е доста важен закон и затоа законот треба да оди во две фази. Мислам дека вашиот авторитет во Владата би требало да го искористите повеќе. Тоа е околу колегата Петковски што сакав да му реплицирам, но еве сега ја искористив говорницата.

Понатаму, јас не би сакал многу да се повторувам со колегите кои што зборуваа во претходните три дена, бидејќи мојот став е ист со ставот на СДСМ односно што го имаат изнесено колегите Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Владо Бучковски во претходните три дена. Но сепак би сакал да кажам, односно да го изнесам моето мислење и ќе се обидам да бидам пократок. Моето излагање би го фокусирал на три дела, од кои два сите пратеници овде што зборуваат дискутираат околу дијаспората и околу етничките заедници. Третиот дел за кој би сакал да зборувам помалку го спомнуваат, особено позицијата многу слабо го спомнува, дури и се противат. Еве, пред малку колегата Петковски се прашуваше зошто сега тајмингот е избран за овој закон, демек добро е, а ние сме велеле од СДСМ дека не е добро. На тоа после ќе се навратам, а сега да продолжам за законот.

Пред да го изнесам моето мислење околу дијаспората, би сакал да пренесам почитувани колеги пратеници, што вие веќе го знаете, законот е од големо значење, што го покажува и третиот ден од дебатата. Покажува и тоа што не само ние од СДСМ дискутираме, јас пред малку кажав дека сум четвртиот дискутант од СДСМ. Значи дискусијата трае веќе трети ден а јас сум четврти дискутант, значи, законот е доста важен ако се цени според пријавените дискутанти, а моите претходни колеги веќе кажаа дека законот е доста важен. Околу дијаспората вчера бев обвинет и во една реплика што еден мој колега го нареков лажго, јас се извинувам ако го навредува зборот лажго, но еве од овде ќе кажам дека зборуваше невистини, ако му значи тоа нешто повеќе. Дека ние сме се предомислиле, јас и вчера кажав дека не сме се предомислиле, туку ВМРО-ДПМНЕ се предомисли и колегата Трајко Вељаноски предложи да оди законот во две фази, што беше прифатено од парламентарното мнозинство.

Значи за дијаспората, според сознанијата што ги имам, СДСМ има прифатено да има три

претставници или кандидати од дијаспората, од Европа, Америка, Австралија и оние придружни континенти, Азија, Африка и тн. Но ќе се повторам можеби со моите колеги кои што зборуваа претходните три дена дека за местата - да, но има друг проблем околу тоа што се нуди со овој изборен закон околу гласањето на дијаспората. Дали имаме силни механизми за фер и демократски избори во овој изборен закон? Мислам дека не, односно не се нуди сигурност. Тоа е една работа што не е расчистена со овој изборен законик.

Друга работа е, иако колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ велат од оваа говорница дека СДСМ прво прифатил, а сега се пишмани за дијаспората, ние го прифативме тоа што го реков пред малку, но друг е проблемот. Еве, јас не сум бил во овие преговори, можеби не знам, ама мислам дека 90% сум сигурен дека не е разговарано за тоа, односно дека дијаспората ќе гласа за претседател на Република Македонија. Не е проблем и тоа дијаспората да гласа за претседател, но овде има еден друг момент, односно можеби по петти пат ќе кажам, тоа беше кажано од наша страна, дека 51% според сегашниот закон тешко ќе избереме претседател во некој следен период, или ќе одиме еден пат, два пати, три пати, не бива, и тога ќе дојдеме до тоа што сака ВМРО-ДПМНЕ да го оствари во Република Македонија, односно да си изберат свој претседател преку ова парламентарно мнозинство во некој иден период.

Понатаму, би сакал нешто да напомнам околу дијаспората и финансискиот аспект, односно финансиската гледна точка, бидејќи исто така колегите пратенци од парламентарното мнозинство, пред се од ВМРО-ДПМНЕ кажаа дека еден глас во дијаспората можеби ќе чини и помалку, отколку еден глас во Република Македонија, бидејќи овде има мали населени места и села со едно, две, три семејства, а сигурни се дека тоа помалку ќе чини во дијаспората, со кое јас лично не се согласувам, бидејќи знаеме или ќе се знае во некој иден период кога ќе се усогласат сите овие работи за да биде подготвена дијаспората да гласа, ќе се направи математика и пресметки колку ќе чини гласањето на дијаспората за парламентарни или претседателски избори во Република Македонија.

Кога на почетокот зборував дека треба да се има сигурност, сигрен инструмент во овој изборен закон, кога сето тоа ќе се обезбеди преку изборниот закон, да бидеме сигурни дека ќе има фер избори во дијаспората, тогаш можеме да имаме еден чист терен во кој можеме спортски кажано и дијаспората да ја уфрлиме во игра на некои следни парламентарни избори.

Колегата Тито Петковски пред малку рече, еве ми дојде како идеја после неговото излагање,како размислување дека треба да се размисли и за тоа како ќе ги плаќаме овие пратеници. Дали овие пратеници овде ќе ги плаќаме како министрите, дали ќе им обезбедиме станови, дали ќе им обезбедиме авионски карти да се враќаат до Америка, Австралија или до Европа, дали до Цирих или Брисел не е битно. Значи треба да се размисли за тоа. Од тој аспект зборувам дека не се согласувам со колегата пред некој ден што зборуваше дека нема да не чини не само изборниот циклус, туку јас мислам дека ќе не чинат и пратениците кои ќе дојдат од дијаспората. Но мислам дека за една држава, иако сме мала држава, не е проблем да обезбедиме финансиски средства за овие пратеници или станови во кои ќе живеат, а за другото како ќе биде наградено не знам и не би сакал да зборувам.

Од прилика за дијаспората моето размислување е тоа. На некој начин се повторувам и го делам мислењето со моите колеги во СДСМ.

Понатаму, би продолжил и кратко би се задржал на етничките заедници, иако овде во оваа сала во моментот нема ниту еден. Сепак, ќе го кажам тоа. Се извинувам колега Салиу.

За етничките заедници овие денови ни се наметнува една теза која мислам дека ја промовира ВМРО-ДПМНЕ дека ние од СДСМ сме против етничките заедници. Упорно следам овие три дена, гледам телевизија, печат, упорно се повторува дека СДСМ е против етничките заедници. И пред некој ден реков, најверојатно тоа е некоја школа во ВМРО-ДПМНЕ 10 пати една лага да се повтори, 11-от или 15-от пат таа ќе стане вистина. Тоа е апсолутно невистина дека СДСМ е против етничките заедници. Ние го докажавме тоа и во некои претходни изборни циклуси 1994-1998 година, 1990-1994 година, значи нема изборен циклус или нема парламентарен состав кога СДСМ немал пратеник од етничките заедници.

Сега не би сакал но морам да спомнам, бидејќи и ВМРО повторува по 10 пати, јас сум трет кој ќе повтори од СДСМ дека овде во оваа сала од левата страна седат во опозицијата Кенан Хасипи, Хади Незири, Иван Стоиљковиќ, Есад Рахиќ и Неждет Мустафа. Значи имаме пет претставници од етничките заедници. Мислам дека тоа е еден голем доказ дека СДСМ мисли на етничките заедници и не е против етничките заедници, а не е ни против законот кој е предложен или начинот на избирање на етничките заедници во овој Парламент. Значи и ние сме за тоа, но затоа што кажавме дека сме против изборниот законик, ние кажавме сме, ама не во овој момент. Значи не сега, туку во некој понатамошен период каде во помирна и посмирена атмосфера ние ќе го донесеме овој закон, за кој се согласуваме сите и од позицијата и од опозицијата, и од ДПА и од ДУИ дека мора да има дијалог, мора да се седне и разговара за да се дојде до добар изборен законик, кој ќе биде добар за сите во Република Македонија и сега за етничките заедници и дијаспората, но пред се за етничките заедници, затоа што најмногу полемизира овде со нив, односно некој сака да ни ги прилепи како етикета дека ние сме против етничките заедници.Тоа сакав да го кажам, дека тоа повторување 10 пати нема да ви успее, тоа ќе го покажеме во некој иден период кога ќе треба да

се донесе овој закон за етничките заедници. Не само во овој парламентарен состав, туку и во минатите, ние од СДСМ имаме неколку градоначалници кои ги имаме поддржано од страна на СДСМ, а се од друга етничка заедница, односно од помалите етнички заедници и со тоа покажуваме дека не сме против, туку директно ги поддржуваме во одредени општини за градоначалници и колку што знам, мислам дека има два градоначалника во моментот кои ги има поддржано СДСМ.

Значи кажав за дијаспората, тоа е моето размислување, кажав за малите етнички заедници и сега би се задржал малку околу избирачките одбори. Во претходните денови, меѓу тие 15-20 дискутанти, беше спомнато, беше нафрлено за избирачките одбори кои во сегашниот Изборен законик се предложени во членот 11, а во стариот во членот 38, за враќање на стариот систем, односно најголемата опозициона партија и најголемата партија која е на власт да дадат член и заменик член во избирачките одбори. Тоа значи враќање назад, бидејќи како што знаеме на претходните избори со постојниот Изборен законик во избирачките одбори со Изборниот закон е предложено, прифатено и функционира избирачките одбори да бидат од администрацијата, што се покажа како успешно на последните парламентарни избори, при што немаше забелешка ниту од позицијата ниту од опозицијата.

Сега зошто се враќаме назад колеги пратеници, воопшто не ми е јасно. Имам сознанија и тоа го читам. Знам дека кога се донесуваше претходниот Изборен законик ВМРО-ДПМНЕ беше против избирачките одбори да бидат составени од администрацијата, со образложение дека тоа се луѓе на СДСМ, што на овие последни избори се покажа дека не е така, дека луѓето без разлика на која политичка партија припаѓаат, дали на ВМРО, дали на СДСМ, дали се неутрални, сепак си ја извршија професионално својата работа во цела Македонија.

Кога сум кај избирачките одбори, мојот став е дека овој нов член 11 кој се предлага, се предлага да се вратат партиски луѓе од најголемата опозициона партија и партијата која е на позицијата, јас лично тоа не го прифаќам, бидејќи враќањето на партиски луѓе во избирачките одбори мислам дека нема да биде добро за демократијата во Република Македонија.

И на крајот околу избирачките одбори, пак ме потикна дискусијата на еден пратеник во претходните денови дека ќе немаме проблем. Зборувам за дијаспората, во странство кога треба да се гласи дека овие луѓе таму ќе си ја извршат работата така како што треба, дека овие луѓе нема да бидат под влијание на партиите. Но, колеги пратеници, почитувани колеги, јас не би се сложил со колегата од прична што можеби не ги познавам луѓето од Америка и Австралија, ниту сум бил, ниту ги познавам. Но, најголемиот број на луѓе, наши иселеници од Република Македонија во Европа се во Швајцарија и Италија и помалку во Германија и уште помалку во скандинавските земји. Во Швајцарија и Италија ги познавам можеби прилично добро овие луѓе. тие луѓе се со ист менталитет како и ние овде, односно зборувам за партиски луѓе кои што исто би го правеле овде исто би го правеле и во странство, освен ако таму законите се други и не би смееле да превземаат такви дејства за време на гласањето односно промена на кутии, кршење на кутии итн. Само ако таму се спречи бидејќи една Швајцарија без ние колку да се правиме големи, колку и да сакаме да бидеме блиски до Европа, сепак Швајцарија или Белгија е доста пред нас, доста религиозни закони има кои што можеби ќе влијаат овие партиски, така да ги наречам војници, ќе си ја извршат работата професионално како што ја извршуваат административците во Република Македонија.

Од прилика, тоа е моето видување околу овој предлог закон односно околу изборниот законик и се надевам дека ќе се прифатат сите забелешки од сите дискутанти во оваа сала, од експертите и дека во втората фаза кога ќе дојде не така, пак набрзина да се даде овој закон во оваа сала да се протне на мала врата, се надевам дека кога ќе дојде во втора фаза ќе дојде овој изборен законик чист. Значи, пред тоа да се изменаџира, луѓето односно сите политички партии, како парламентарни, така и вонпараламентарни партии да учествуваат во овој изборен законик и да дојде така добро изработен и ние не дебатираме овде пет шест дена. Но, како што работи ВМРО-ДПМНЕ јас се сомневам дека ќе дојде така добро составен, односно со сите прибелешки, забелешки и изборниот законик во втора фаза. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, колеги пратеници и почитуван заменик минстре.

Почитуван господин Киров Ацо.

Вие сте еден од ретките луѓе кои посебно ги почитувам. Сакам само да ви укажам на една мала фалинка во делот кога ги набројувавте претставниците на етничките заедници од редовите на СДСМ, односно на коалицијата Заедно за Македонија.

Есад Рахиќ беше на листата на изборната единица број 1 како претседател на градската облигација на СДСМ број 4 и никогаш не бев како бошњак на листата на СДСМ. Ако мислевте на мене како Бошњак 2002 година ќе ме стаевте на 5 место, а не на 13. Јас никогаш не сум размислувал така затоа што мојот концепт е малку поинаков имам граѓаниски разбирања и така размислувам. И овој концепт ќе го подредам само како еден период или начин на решавање на одземените условно речени права на етничките заедици за да во еден повисок стадиму на ова држава, како граѓанин го живееме животот како што треба.

Втора работа. Не сакам да си реплицираме, не сакам да ми одговараме затоа што и понатаму

сме пријатели и другари. Зошто 20 или 30 расколници кои што имаат поинакви погледи во СДСМ го испишавте Есад Рахиќ. Само Есад Рахиќ и да ја коментирате несреќната изјава на уште понесреќен генерален секретар во вашата партија на тој човек што вие рековте дека е градоначалник од етничките заедници. Не, тој е член на СДСМ ако мислите на Долнени, тој е член на СДСМ, не е Бошњак, Бошњак е друга работа, технички. Зошто вашиот генерален секретар изјави дека со исклучувањето на Есад Рахиќ СДСМ доби во Скопје од 10 до 15 илјади македонски гласови. Тоа ќе мора да им го објасните на граѓаните на Република Македонија и на етничките заедници. Мене не треба бидејќи видов како функционирате како политичка партија. Од секогаш и од сега и понатаму јас ќе го застапувам граѓанскиот концепт. Ова е вредно да се размисли затоа што има една фаза и можност на овие заедници да ги заштитат своите интереси. Меѓутоа, отворено ќе ви кажам, на ваков начин на кој што вие се браните или ги браните правата или вие господо ги браните пратеничките заедници мислам дека одиме во погрешна насока. Лично ќе ве замолам во делот на дискусиите сите оние што мислите да го одбраните СДСМ од мене и мене од СДСМ и ВМРО, ќе ве замолам, не не бранете, најдобро се бранам самиот, верувајте. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли контра реплика?

**Ацо Киров:** Почитуван колега Есад Рахиќ, јас го знам тоа дека вие не припаѓате, не сте биле член на некоја партија па да коалицирате или на бошњачка партија со СДСМ, но вие бевте член на СДСМ, како што и самиот рековте и тоа според мене значи уште повеќе за некој етникос особено за бошњаците во Република Македонија затоа што сте биле како Бошњак во СДСМ односно ставен на листа на СДСМ, од каде што дојдевте да бидете пратеник во овој Парламент.

А за градоначалниците што зборувавте, исто така и за нив и за вас се однесува дека еве сме подржале градоначалник кој што не е Македонец, кој што е од СДСМ, а подржуваме градоначалник со друг етникос. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Следниот за реплика е господин Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Благодарам господине претседател.

За разлика од другите денови денес сум малку пооптимистички расположен, затоа што денешните дискусии течеа на покултурен начин, научен начин и оптимистички начин. Во насока на истото, можам да кажам дека вчерашниот ден и претходните денови беа оптеретени и преоптеретени со нервоза и емоции и несолени дискусии. Денеска имаме ретерација, ретерирање на СДСМ според дискусијата на Киров Ацо и сите други од СДСМ кои што на некој начин врвот е некако растопен во насока на тоа дека и медијантно да се земе еден закон, каде што ќе се застапуваат интересите на помалите етничики заедници во Република Македонија. Во оваа насока има уште нешто што е позитивно. Помалите етнички заедници во Република Македонија на крајот сфатија дека тие кои што ги држеле во нивното гнездо или биле членови на тие партии, дефинитивно секогаш ги третирале како миноритети, за да ги прават нивните пресметки на разните избори кои се одвиваат во Република Македонија. Тоа што најмногу ме радува, денес ретерираше дискусијата на господинот Азис Положани и госпоѓа Теута Арифи кои што на конкретен начин, на поздрав начин, на помудар начин дискутираа за Законот и рекоа дека тоа е медијантна потреба за да се донесат такви закони. На пример, би го цитирал делот од дискусијата на Азис Положани, каде што вели во име на мојата група, ќе кажам дека без оглед на разликата и како таму ќе завршат работите, добро е да завршат добро. Не е начелото на застапуање на помалите етнички заедници на соодветен начин преку изборниот законик. Во принцип ќе го подржиме, меѓутоа ќе разговараме за моделитетите за кои што ние мислиме дека се создал простор за разговор. Јас го поздравувам господин Положани. Тој многу здраво размилува во оваа насока. И дикусиите во оваа насока ќе продложат и овој закон ќе оди во две фази како што рече меѓународната заедница, како што бара дел од Парламентот и јавноста и сите партии на власт ќе создадат модалитет кој што ќе одговара на начинот на дејствување на помалите етнички заедници без да има застранување во Република Македонија. Се радувам што многу дискутанти од опозицијата денес не спомнаа многу зборови во смисла дека ДПА е антиалбанско, дека донесоа антиалбански закон и на крајот на краиштата денес почнаа и тие да се освестуваат дека овој закон е во интерес на сите граѓани на Република Македонија, без оглед на нивната националност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли контра реплика?

Повелете.

Само еден момент, вие баравте реплика?

**Тахир Хани:** Процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Тахир Хани:** Почитуван претседателе, почитувани претеници,

Сакам да му укажете на пратеникот на Демократска унија за интеграција, затоа што тој на тенденциозен начин кажува цитати од пратениците на Демократска унија за интеграција и дава констатација за Демократска унија за интеграција.

Ставовите и констатациите на Демократска унија за интеграција се нагласени подолго време и тие се сосема јасни. Ставот на Демократска унија за интеграција е доста јасен и затоа сме предложиле 4100 амандмани. Овие 4100 амандмани се одраз на ставот на Демократска унија за интеграција дека не се согласуваме со тоа. Со овие измени на законот се бара политички консензус и кога ќе седнеме да говориме за консензусот, ќе видиме каде е антиалбанската политика на овој изборен

законик. Нашиот став е изричен е дека овој изборен законик го повредува интересот на политичките албански партии, ја повредува демократијата на Албанците, бидејќи произлезе толку во девалвацијата во однос на Албанците. Вие господине Агим знаете дека сте губитничка партија во Владата и во иднина со овој изборен законик се создава и легитимира правото на политичките македонски партии да изберат и се јават избирачи на албанските политички партии во Владата. Значи, интенцијата е да се создаде и уставна одредба и законска во иднина со 10-те загарантирани места да се обезбеди мнозинството на пратениците кои го исполнуваат вториот услов гласање со Бадинтер и ќе се создаде вториот услов со кој ќе се делегитимира политичката албанска партија.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Киров со вашата контра реплика.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Колега Рамадани,

Ние не реферираме, туку ние го држиме ставот што го имавме и пред тоа. Но, вие сега ретериравте кога ја добивте шлаканицата од меѓународната заедница.

Друго, етничките заедници, помалите ние ги интегрираме во нашата партија и мислам тоа е добро. Некој ако каже дека не е добро, тоа е само за граѓанска држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли уште некој да бара збор процедурално. (Нема)

Давам пауза од половина час.

Ги поканувам шефовите на пратеничките групи за десет минути во Охридската сала.

Исто така, составот од Кенан Хасипи, Есад Рахиќ, Иван Стоилковиќ и Нежддет Мустафа. За сите ќе има време.

(Пауза од 15,50 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,28 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата ќе продолжиме со седницата.

Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места во салата.

(Минуваат минути на чекање).

Продолжуваме со продолжението на седницата.

Ги молам пратениците кои сеуште не се влезени во салата, да влезат и да ги заземат своите места.

Има збор господинот Борис Кондарко, повелете.

Ве молам за тишина и ред во салата, да се слушаме.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата.

Како за почеток, но и со тоа ќе завршам, треба на мнозинството, на Владата и на самата Влада како предлагач на овој закон едно да и биде јасно дека овој закон ваков каков што е,на начинот на кој се обидувате да го донесете и со многу решенија кои се невозможни, неостварливи и штетни за интересите и за иднината на Република Македонија.

Прво, не можете да го донесете.

Второ, не смеете да го донесете и

Трето, сигурно нема да го донесете.

Значи, претпоставувам дека тоа ви е јасно, меѓутоа, можеби ќе барате политички модалитети како понатаму и за оваа ситуација, во ваш стил, повторно да ја обвините опозицијата, како да излезете од целата работа со тоа што повторно и повторно едни исти, тие што се на власт, да се прикажуваат како дежурни патриоти, душегрижници за Република Македонија, а останатите ќе бидат предавници, блокатори, кочничари и што уште не.

Без политички договор, без политички дијалог, без конзенсус, без компромис помеѓу сите релевантни парламентарни, политички партии во Република Македонија не смеете ни да помислите да пристапувате, да отпочнувате, да размислувате за измени на изборното законодавство, а камо ли со ваква невидена дрскост, политичка некултура, ароганција, да го предлагате овој закон во Собранието.

Можеме да направиме една споредба и паралела како вие се однесувавте кога бевте опозиција. Кога уште пред да се пристапи кон измена на изборното законодавство, настапивте ан блок со тврдења, со изјави, со прес конференции, со обвинувања за наводен фалсификат и тоа ни повеќе ни помалку државен фалсификат во Република Македонија.

Господа од власта вие очигледно говорите за други кога вам тоа ви одговара дека имаат одредена политичка илине знам каква друга матрица на дејствување, па попровидна од оваа матрица, за да се обвини, за да се негира се, за да се омаловажи и понижи само за да се гледа дневно-политичкиот интерес и профит од тоа што го прави оваа Влада и кога е на власт со едни методи и кога е во позиција со истите методи е веќе провидно.

ВМРО-ДПМНЕ во 2006 година велеше: или се или ништо. Во смисла или ќе ги прифатите нашите 10 или 12 барања или нема избори, што беше контра одговорот и колку беше поодговорна тогашната власт од сегашната власт.

На патот на исполнувањето на условите за добивање на датумот за преговори и полноправно членство во Европската унија, рековме дека е многу поважно и она што е државен интерес, на што вие постојано се повикувате да направиме избори како што треба, демократски, фер избори, без нерегуларности, граѓаните слободно да одлучат кој да победи, на кои,патем речено,победи ВМРО-ДПМНЕ за што однапред обвинуваше дека ќе бидат фалсификувани и

откако победи се смени реториката отколку кога ќе бидат изборите.

Значи, тогашната власт, сегашната опозиција-СДСМ не калкулираше ниту со државните интереси, ниту со дневно-политичките партиски интереси за тоа кога ќе бидат изборите, туку даде се од себе сите институции да работат, согласно изборните правила и во Република Македонија да имаме регуларни избори, што беше еден од условите за добивање на датумот за преговори.

Во меѓувреме, откако дојде оваа власт и тој услов, иако исполнет, се отворија други прашања. Наместо да ги намалува условите, ги зголемуваше условите и тонеше во сопствената неспособност да ја води Република Македонија и да го препознае државниот интерес на Република Македонија во правец на остварување на Европската унија и НАТО агендата.

Очигледно беше во изминатите денови дека вроди со плод притисокот на опозицијата во јавноста, ставот на опозицијата дека на ваков безобзирен начин со самоволие, со сила, апсолутистички не можете да го менувате Изборниот закон и тоа замислете уште во една фаза по скратена постапка.

ВМРО-ДПМНЕ и Владата беа принудени под притисок на опозицијата да ретерираат во својот став и да одлучат овој закон да оди во две фази. Меѓутоа, тоа не ја ублажува, не е ни мало оправдување за целта која ВМРО-ДПМНЕ и Владата сака крајната цел да ја постигне.

Претседателе ќе ве замолам службите и пратениците малку да бидат потивки кога разговараат меѓу себе.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам навистина да има малку дисциплина и да се слушаме. Во право е господинот Кондарко, се извинувам господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Значи, наместо да се пристапи транспарентно со организирање на поширока јавна расправа да се увиди вистинската потреба од донесување на законот, да се аргументираат ...

Претседателе, се извинувам, и за вас важи замолницата да бидете малку потивки.

Наместо да се увиди вистинската потреба дали во овој момент на Република Македонија и се потребни измени на Изборниот закон, зошто тоа се прави, која е политичката позадина, да се прашаат политичките партии, да се отвори дебата во јавноста, да се организираат трибини, да се слушнат граѓаните, експертите, оваа Влада набрзина,мислејќи дека со прилагодување на изборните правила на сопствените политички интереси затоа што сега се наоѓа на власт, ќе остане и понатаму на власт.

Поминаа времињата и пошироко, се раководите од лоши примери кои на времето се случуваат во нашето соседство, кога одредени тоталитарни владетели си ги прилагодуваа изборните закони. Тешко си на онаа власт која со помош на изборен закон сака да остане на власт и која со помош на изборни манипулации, законски решенија, пазарења со одредени политички партии, етнички заедници, сака, не само да опстои на власт и да создаде терен за реален фалсификат на изборите, туку напротив и да ги партизира и другите институции во Република Македонија.

Ја чувте добро пораката од Брисел пред неколку дена. Вашиот колега Оливер Шамбевски ни ја соопшти во еден Дневник на национална телевизија по телефон, дека Брисел бара компромис и консензус во Република Македонија во однос на изборниот закон.

Дозволете, почитувани од власта, кој во Република Македонија е на власт и кој сака да завладее во Република Македонија тоталитаристички? Кој го избегнува и кој не го овозможува консензусот и компромисот. Кој е одговорен за амбиентот, за создавање на преговори, договори, консензус.

Вие треба да создадете ситуација, кога однапред од ни еден политички субјект нема да имате ситуација да ве обвинува, да бидат искажувани сомнежи за било какви опасности од нерегуларности. Како сакате да ви веруваме кога сите овие решенија не се ни трудите да ги сокриете во Изборниот закон, мислите дека сте вие многу моќни и силни, дека вие сте на власт, дека вие единствено го претставувате државниот интерес на Република Македонија. При тоа единствено прикриен или олицетворен преку партискиот интерес на ВМРО-ДПМНЕ.

Не може вие да сте единствените кои го мислите доброто на Република Македонија. Не може вие единствено да сте луѓето кои ја сакаат Република Македонија и кои ја говорат апсолутната вистина.

Значи, одговорноста секогаш лежи на оној кој ја добил власта. Впрочем, и на избори се оди за да се победи, а не за да се биде опозиција. Или ако сакате на избори паѓаат влади, не паѓаат опозиции, па вие да измислувате, да ги извртувате тезите до тие крајности во Република Македонија за се да ви биде крива опозицијата. Или на пример СДСМ кој во моментот има, замислете, дури 8% рејтинг. Вие како големи властодршци кои ги имате сите инструменти и полуги на власта се исплашивте, замислете од СДСМ, затоа што тоа сакате да го прикажете пред јавноста демек СДСМ ви ги пореметил сметките. Вие мора да имате чувство во политичкиот процес да ги менаџирате овие работи, овој однос со опозицијата да го негувате. За жал, тоа е хендикеп или привилегија и одговорност на секоја власт.

Значи, не можете да бидете дежурни плачковци и опозицијата за се и сешто да ви биде виновна. Јас не сум слушнал во било каква држава, нормална демократска држава на една власт постојано да и биде крива опозицијата. За жал, за оние работи по кои не ценат како држава, не ја ценат само опозицијата или најмалку не ја ценат само власта, а најмалку ја ценат само опозицијата. Не ценат по претставата што ја оставаме во целина како држава. Бидејќи вие сте власт, вие предњачите во

таа одговорност и не може да се задскрива зад опозицијата.

Имаме чувство со ваквите постапувања од ваша страна дека елементарниот осет за демократичност кај вас не постои. Тоа е многу поголем проблем за Република Македонија, но и за вас и за вашата Влада затоа што таа работа не може да ја покривате под тепих вечно. Таа работа мора да излезе на површина како што вели премиерот, вистината врти лево, десно, боде како шило и ќе излезе на површина. Ќе излезе на површина ова ваше тоталитарно, автократско, недемократско владеење со Република Македонија, што сакате да го демонстрирате и да го забетонирате преку донесувањето на овој изборен закон во кој гледаме опасност, со оглед на вашиот начин на владеење дека ќе ја партизирате Република Македонија во целост.

Не обвинувате дека ние сме анблок против како опозиција да гласа дијаспората. Се повикувате на уставното право, во ред.

Прво да ви кажам едно, вие не можете во Република Македонија да гарантирате дека ќе имаме чесни избори, дека ќе имаме фер гласање, дека нема да има злоупотреби и нарушувања на постапката, повреди на избирачкото право, фалсификат, а камо ли да гарантирате за во странство на илјадници километри далеку од Република Македонија.

Вие, кога сте во опозиција постојано мислите како да направите некоја манипулација во изборниот процес, а камо ли кога сте на власт. И, сакате ние да ви веруваме? Не ни криете која ви е намерата.

Прво, не знаете со која бројка на гласачи во дијаспората ќе биде вметната во избирачкиот список. Немате механизам како тоа да го направите, уште лутате околу тоа. Не знаете кога треба да почне евидентирањето, не знаето од кога треба да почне, не знаете кога треба да се утврди избирачкиот список или како, на кој начин ќе се врши таа процедура на евидентирање. Или тоа ќе биде по некоја партиска филтрација, желби, списоци однапред подготвени итн. Имавме безброј примери во минатото од ваша страна за таков вид нерегуларности.

До вчера говоревте, полни ви беа устите за илјадници, за десетици илјади, стотици илјади тн. фантомски гласови со кои на секои избори, десет години наназад тоа го говорите. Тоа го говорите и кога губите на избори и кога победувате на избори. Со тоа што кога победувате го заборавате тоа, не важи, само за време на кампањата, демек ете СДСМ прави дупли списоци или не знам што прави. Зошто сега не ги спомнувате тие фантомски списоци, прочистување на избирачки списоци. Наеднаш ги заборавивте, наеднаш тоа повеќе не е тема во Република Македонија. Не се слуша од вашите усти такви обвинувања затоа што сега вие сте на власт или можеби ако навистина постоеле кога вие сте обвинувале, сега кога сте на власт не ви пречат, па сакате вие да манипулирате со тие наводно фантомски гласови, не постоечки гласови, луѓе запишани во избирачките списоци.

Одберете кога лажете, кога манипулирате, кога ја говорите вистината. Или сега нешто слично подготвувате сценарио со овие избирачки списоци што ќе бидат за дијаспората. Дали мислите господа од Владата дека со почитувањето или со исполнувањето на едно уставно загарантирано право нема всушност да направите уште поголемо неправо во смисла на тоа дали ви се обезбедени сите предуслови, механизми за спроведување на изборите, за процедурата, за заштитата на избирачкото право, за техниката на гласање, за транспортот на гласовите. Има милион отворени прашања околу тоа. Мислите дека ќе го издржите притисокот на сомнежот? Не на СДСМ. Ќе се отворат многу отворени прашања кои нема да имате капацитет затоа што уште не сте свесни. Вие сакате тоа да го пропишете и мислите дека тоа ќе го спроведете многу лесно. Вие немате ориентација со што ќе се соочите и колку време ќе ви треба за тоа.

Прво, треба да се потрудите да обезбедите доверба, да разговараме заеднички што е најдобро, како тоа да се направи, а не по пат на сила, по пат на подметнување, по пат на манипулации, по пат на доведување во заблуда на јавноста дека вие сте многу големи демократи, дека мислите на дијаспората, дека вие сте патриоти, дека ние сме против дијаспората, вие постојано за тоа говорите, не говорите, вие имавте и експозе овде, дали некој објасни постапка на гласање на дијаспората, заштитата, техниката. Не може туку така тоа да ви помине. Тоа да ви биде јасно.

Сите услови ги создавате за да се случи реален фалсификат. Овој пат има разлика меѓу вашето обвинување 2006 кога го дававте на невидено само за да фатите стартна позиција во меѓупартиските преговори што се согласувам политички можеби е легитимно тоа е ваше право на избор на водење на политиката. Меѓутоа, таа политика е на краток рок и тоа излегува на виделина. Се осуетува. Сега веќе имаме правила што ни ги наметнувате, што не оставате простор за компромис, за преговори, затоа бараме да се повлече овој закон. Јас ви реков, не знам колку ќе опстоите во тврдоглавоста и да ја истурката првата фаза. Се знае нашиот став, се знае дека ќе гласаме против. Нема да не удоброволите. Мора оваа работа да почне одново во најдобар случај да ви опростиме и да ви заборавиме на оваа најблаго речено, решка или свесна манипулација, како сакате. Дека воопшто сте ја направиле и да почнат реални преговори за вака крупни прашања. Не значи дека ако сте вие на власт, вие сте олицетворение на државниот интерес.

Ви кажав пред некој ден за ВМРО-ДПМНЕ 2006 година гласаа 320 и нешто илјади гласачи. Ако сте Влада на сите граѓани, тогаш барем за државните интереси, за државните приоритети, ова го говорам од аспект што изборниот законик и регуларноста на изборите е основен услов,

постојано не враќате назад, сме исполниле во 2006 година услов да покажеме дека сме зрела демократија, сериозна држава со независни, професионални институции кои можат да спроведат фер и демократски избори и тој услов го исполнивте, го исполнивме сите заедно, а не враќате назад повторно да си го поставуваме како услов изборите на патот кон исполнувањето на условите за Европската унија.

Наместо да одиме напред и да исполнуваме други услови и приоритети, ние повторно се враќаме благодарение на вашите решенија во законот и ги доведуваме под сомнеж сите наредни односно наредните избори дали се локални, претседателски или парламентарни. Тоа е враќањето назад. Тоа е немањето чувство за државен интерес. Дали постојано ќе се враќаме на базата, на основата на демократијата во скоја држава. Основно мерило е за демократскиот капацитет на една држава какви избори спроведува и до кога треба да се докажуваме и да го повторуваме исполнувањето на тој услов, наместо да констатираме сите заедно дека сме го положиле тој тест на демократија.

Дали сте сигурни и убедени дека можете да го гарантирате принципот еден човек еден глас во гласањето на дијаспората. Вие изврртувате до крајности дека наводно предвиденото, постоечкото уставно право за секој државјанин на Република Македонија има право на глас, дека наводно до сега не било овозможувано. Било овозможувано, меѓутоа, заради објективни причини на државата технички, финансиски, секакви други сомневања од регуларност, без разлика кој бил на власт. Да се воведеше ова право кога СДСМ беше на власт вие први ќе излезевте дека СДСМ сака да манипулира со гласовите на дијаспората. Крај не ви се наоѓа. Еден аршин имате кога сте на власт, друг аршин имате кога сте во опозиција.

Затоа велам, уште еднаш размислете, наводното остварување на едно право, вие зад тоа се криете, дали ќе значи друго не право во смисла на можност за фалсификат и тоа ќе биде уште поголемо кршење на Уставот отколку неисползувањето на правото. Значи, прекршувањето, злоупотребата на правото е поголемо неправо отколку неисползувањето на предвидено право. Во крајна линија тоа право можело да се ползува за оние кои можат да гласаат во Република Македонија и да дојдат. Тоа никој не го оневозможил и спречил.

Направивме, на ваше барање, прифаќајќи ги 2006 година сите ваши барања. Баравме претседател на ДИК, добивте. Прв пат во историјата на Република Македонија една опозиција се осмели да побара, да етикетира дека сака да има свој човек за претседател на ДИК. Тогаш се буневте против тоа администрацијата јавната и државната од неа да бидат составени избирачките одбори затоа што администрацијата била, замислете, според вас тогаш на СДСМ. Тоа беше вашата опозициона пропаганда. Сега го предлагате во законот токму тоа на што се противевте пред година и пол. Која е таа политика што вие ја водите? Која е таа принципиелност, конзистентност, кога манипулирате, кога сте искрени.

Знаете што значи, има една разлика кога СДСМ го предлагаше тоа и кога ВМРО-ДПМНЕ сега предлага избирачките одбори да немаат партиски претставници, туку сите членови да бидат од администрацијата. Кога тоа го предлага ВМРО-ДПМНЕ, тоа е знак на еднаквост на притисок, на закани, на уцени, на бркање од работа на тие луѓе доколку евентуално не спроведат некоја партиска директива на партијата на власт.

За жал, тоа е стилот на владеење на ВМРО-ДПМНЕ што го покажа од 1998 до 2002 година. Да се потсетиме. Многу е лесно да ветувате и да говорите убави зборови или едната страна од работите да ја прикажувате на граѓаните, меѓутоа, исто така да ве потсетиме дека не треба брзо да се заборавaат некои стари навики и манири на ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ нема да се откаже од привилегијата, од можноста кога е на власт да ги искористи сите механизми да врши притисок на таа јавна администрација во работата на избирачките одбори.

Понатаму, што се однесува за гласањето на дијаспората, има уште една работа што немате храброст да ја признаете, меѓутоа, многу лесно може да биде осуетена. Зошто толку многу сакате и претседателските избори да се спроведуваат со гласање на дијаспората, имајќи ги во предвид сите сомнежи во врска со бројот на избирачите, водењето на избирачкиот список, начинот, техниката на гласање, заштитата на избирачкото право итн.

Да зборуваме отворено, вие не сакате во Република Македонија наредните претседателски избори да бидат успешни од едноставна причина неисполнување на цензусот за избор на претседател на Република Македонија. Тоа е подземната, тоа е подмуклата игра и една од целите на измените на овој закон што го предлага ВМРО-ДПМНЕ.

И сега да не одам толку гласно во шпекулации што веќе се говорат, дека откако ќе го блокирате изборот на претседател на Република Македонија повторно ќе го смените и уставот и изборниот закон и додека сте мнозинство да изберете ваш партиски претседател на државата од Парламентот. Дали тао е скриената намера на оваа тотиларитарана власт која сака со сите пипци да завладее во сите сфери во Република Македонија. Преку манипулации, преку притисоци, преку притисоци, преку закани итн.

Тоа е што се однесува до гласањето на дијаспората. Друго крупно спорно прашање е договорот на ВМРО-ДПМНЕ со етничките заедници, со помалите етнички заедници како што го нарекувате за загарантирани мандати нивни во Парламентот. Велите дека прво, всушност сакате исто така да искористите со еден замав да удрите повеќе муви.

Прво, да го скарате СДСМ со етничките заедници, тоа нема да ви успее дефинитивно.

Второ, да си го обезбедите Бадинтер и да си го формирате Судскиот совет, меѓутоа има некои ситуации од кои мислам дека и етничките заедници можат да бидат изманипулирани од ваша страна, ако ви се подредат картите во меѓувреме да се направи договор пред донесувањето на овој закон, да го формирате Судскиот совет. Тогаш тој пазар со етничките заедници ќе ви биде депласиран и мислам дека во таква ситуација или ќе ги откачите етничките заедници ќе им речете не важи ветувањето и договорот и ќе ги извисите, а они во меѓувреме ги насочивте против СДСМ за да влезат во сценариото да се скараат со СДСМ, или од друга страна, не знам, ќе го тргнете, ќе го повлечете законот и сето тоа. Затоа можеби ова вие е во овој момент поднесувањто на овој закон не ви за да навреме бидат познати изборните правила туку за да навреме си обезбедите Бадинтер за да го формирате Судскиот совет и да го партизирате. Значи спремни сте да манипулирате и со изборниот закон само да го партизирате и судството и на тој начин многу бескруполозно ги манипулирате, ги понижувате и ги користите дневно политички партиите на етничките заедници. Мислам дека ако треба некому да се лутат, треба токму вам да ви се лутат. Ако го гледаме сите заедно во перспектива поширокиот интерес, а поширокиот интерес не е до наредните избори ВМРО-ДПМНЕ да победи на изборите и да има партиски луѓе во Судскиот совет. Значи, неможе вие да се промовирате сега исто како за дијаспората што сте патриоти, сега да бидете најголемите заштитници на правата на етничките заедници. И низ овој ваш законски предлог да ја изразувате грижата за состојбата на етничките заедници. Мислам дека и нив сакате да ги искористите за фалсификати. Затоа што вие прво, се грижите за себе, а после за други. И тоа треба да го сфатат етничките заедници. Мислам дека во оваа, во овој ваш преска го нареков пеколен план, затоа што сакате да правите манипулација на изборите, сакате да ги злупотребите етничките заедници и дијаспората за одредени ваши политички маневри, ќе извлечете дупло голо, затоа што многу добро знаете дека нема, ви реков на почетокот, ќе повторам, нема, не можете да го донесете овој закон, едностано не можете, нема да го донесете, бидете сигурни во тоа.

Понатаму да се потсетиме што беа аргументите на ВМРО-ДПМНЕ сега при предлагањето на овој закон.

Прво, се велеше дека се прикажува како голема реформа на изборното законодавство дека ДИК ќе го превземе водењето на единствениот избирачки список од Министерството за правда и тоа вие обична манипулација. Зошто, ако искрено го мислевте тоа зошто тогаш ставате преодна одредба во законот со која го одложувате, предвидувате одложно дејство на оваа одредба. Значи сакате и на наредните избори додека Михајло Маневски е министер за правда да се води избирачкиот список во Министерството за правда, а не во ДИК затоа што немате целосна контрола или директна контрола во ДИК па вака ви е посигурно за да продолжат манипулациите со избирачкиот список посебно со оној дел на избирачкиот список кој би се однесувам на дијаспората. Ако сте толку искрени зошто веднаш не го направите тоа, зошто повторно го одлагате, а го прикажувате како измена. Не е тоа измена. Имате преодна одредба за тоа. Не ја спомнувате преодната одредба си ја прекутувате.

Велите дека ќе се реши финансирањето на изборната кампања. Не господа од ВМРО-ДПМНЕ нема логика, правите само шминка, замајување. Вие сте на власт. Вие немате интерес да се реши финансирањето на изборната кампања. Тоа ќе продолжи и понатаму да биде нетранспарентно. Исто како што сега е нетранспарентно рекламирањето на Владата. Велите понатаму дека овој закон е поради усогласување со ЕУ, не знам какво усогласување, затоа што јас не сум чул дека Европа нешто барала на оваа тема ние да усогласиме нешто. Директиви, некој услови, препораки некој. Си измислувате, а всушност не ви е воопшто паметот во европската агенда. Да бевте заинтересирани за европската агенда, денес на дневен ред ќе беше некој друг знакон со знакот на Европската унија на дневен ред. Значи уште една провидна манипулација и килав аргумент дека се задкскривате наводно зад државните интереси. Јас не сум чул дека некој побарал од нас во некој агенда, ниту на овие јавни седници што ги пренесуваше собранискиот канал на Владата, кога премиерот кажуваше дека тие закони до декември што треба да се донесат, ќе се донесат до јуни, тие до јуни до март, меѓутоа повторно касните. Тоа покажува дека воопшто не сте заинтересирани за Европа, туку сте заинтересирани со вакви закони како да го забетонирате своето апсолутистичко владеење во Македонија.

Вие сакате на домашен терен да се обезбедите, да добиете со фалсификувани избори уште еден мандат, па за Европа, како што рече премиерот, кај да е ќе биде. Времето ќе си дојде. Не мора ние. Времето за нас ќе работи и ние така без да сработиме ништо, така ќе не молат да влеземе во Европа.

Значи, почитувани претставници на Владата, вака ли, на овој начин ќе ги градите демократските институции, ќе ја градите правната држава, ќе го градите угледот, независноста на институциите на Република Македонија. На ваков начин нашата држава покажува дека нема демократски капацитет, нема демократски амбиент, нема слух за опозицијата, не сака воопшто да види што воопшто се случува во Република Македонија. Мисли дека кога ѓе излезат премиерот и неговата најпоштена свита на прес конференции дека се е идеално. Затоа што на власта и е убаво, се е убаво во Република Македонија. Значи не може на ваков начин да носите реков, пак по втор пат, по трет пат ќе повторам, октроиран закон. Ова е октроиран закон. Не можете на ваков начин

наводно штитејќи ги, а истовремено манипулирајќи со етничките заедници, наводно ги штитите од мајоризација, всушност да ја мајоризирате целата опозиција, сите останати политички партии во Република Македонија и целата држава да ја правите заложник на вашето апсолутистичко владеење. Значи постојано велите опозицијата го троши времето, опозицијата ги одолговлекува седниците. Јас не знам што треба ние да направиме, да дискутираме, посреќни ќе бидете ако дискутираме во поддршка на овој закон? Или во поддршка на сите закони што ги предлагате? Тоа не е возможно, не е нормално, тогаш треба да го укинеме плурализмот. Значи одите во такви крајности. Не може вие да сакате владината атмосфера, владината идила од седниците на Владата да ја пренесете тука. Тука мора да се соочите со опозицијата. И не може на ваков автократски начин да ја, не само партизирате, да ја приватизирате државата. Каде ќе стигнете со донесувањето на ваков закон? Дали тоа ќе го подобри живеењето во Република Македонија, дали мислите дека тоа ќе ви го зголеми рејтингот? Значи не може бранејќи ги правата, прикажувајќи се дека сте заштитници на правата на едни да немате чувство за правата на другите, во овој случај целата опозиција. Морате да најдете баланс, морате да соберете сили, морате по некогаш и а згрешите, доблесно е и да се извините, некогаш и така се собираат поени. Значи не може со самобендисаност на ваков начин со наметнување да ни диктирате каков изборен закон ќе имаме. Уште еднаш повторувам и со тоа ќе завршам, мора да го повлечете овој закон. Ако не го повлечете, бидете сигурни дека нема да го донесете, не можете и не смеете да го донесете овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има освен господин Зоран Петревски и други за реплики?

Повелете господине министре, имате збор.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Ќе започнам со последните зборови на пратеникот: вие не можете овој закон да го донесете, вие не смеете, јас не знам од каде му е такво право на пратеникот.

Пратеникот Кондарко од оваа говорница паушално, арогантно, изнесе еден куп невистини, злонамерно и популистички. Тој како да заборава каде се наоѓа. Меѓутоа ако тој заборава каде се наоѓа, јас верувам дека на наредните избори ќе го потсетат граѓаните, кога тие такви како него ќе ги казнат заради тоа што на ваков начин да се узурпира оваа говорница со едни популистички, неаргументирани и лажни навреди, мислам дека не одговара на еден пратеник. Тој е еден од репрезентите опструктори Собранието да работи многу поефикасно и Собранието да може да одговори на неговата задача да ги донесува законите. Шест продолженија заминаа за седум точки. Меѓутоа, дали пророчунавте колку ги кошта тоа граѓаните на Република Македонија.

И сега, сакам едно да ви кажам. Ако господинот дели лекции по демократија, а не ја научил ниту првата лекција да се однесува културно и достоинствено, дали граѓаните на Република Македонија кои живеат и работат во странство имаат или немаат право на глас. Па тоа мислам дека од повеќе дискутанти од опозицијата од СДСМ јасно и гласно го кажаа. Еве го гледам господинот Оливер, ја гледам госпоѓата Иванова, господинот Киров, не е тука. Тие не го оспорија правото граѓаните кои живеат и работат во странство државјани на Република Македонија да го остварат своето право на глас.

Прво прашање што поставија, не е време сега. Кога е време. Кога е време после 17 години да се каже дека сега не е време на граѓаните на Република Македонија кои живеат и работат во странство да им се овозможи правото на глас. Дали е време и дали требаше тие да бидат одбележани со ѕвездички на минатите избори за да тие бидат одбележани. Нели е тоа одредено дискриминирање на право на определени граѓани.

И втора работа, ако не е време, кажете кога е време. Како беше време да го воведе гласањето на Хрватска, на Босна и Херцеговина, на Словенија. Значи за нив времето од овие пет-шеснаесет години беше време, за нас не е време. Ви се молам, време е да им овозможиме на граѓаните на Република Македонија кои живеат и работат во странство да го остварат своето право на глас.

И втората работа, не се оспорува правото на припадниците на заедниците, на малите етнички заедници да имаат гарантирани места во претставничкиот дом. Но се говори, е па сега да седнеме да се договориме, повлечете го законот, да седнеме да се договориме, па ќе ги најдеме модалитетите. Предлагајте ги модалитетите ако не го негирате и првото право и второто право, тогаш дајте ги модалитетите. Меѓутоа овдека за се се говори, само не се говори за законот. Се говори за некои прашања кои немаат врска со законот. Јас мислам дека господинот Кондарко и самиот кога ќе си ја прочита дискусијата дека ќе се засрами од неа, затоа што да се изговорат од оваа говорница зборови како “плачковци” или други да не кажам навредливи зборови, не е достоинствено за едно Собрание и јас од оваа говорница не сакам повеќе да повторам таков збор. Или дали се среќаваме ние прв пат со ова прашање за гласање на дијаспората во овој Парламент. Мислам дека не е точно. Во Охридксата сала на три пати расправавме за прашањето за остварувањето на правото на глас на дијаспората.

Госпоѓата Иванова, која што тука ја гледам и која што во нејзината дискусија кажа една реченица со која апсолутно не се согласувам, употреби еден збор од арсеналот кој што стално го употребувате, еден збор кој што не е доличен, можеби децата го кажуваат меѓу себе, меѓутоа

очигледно не е доличен да се каже, сакам, овдека има 10 пратеници кои што тоа ќе го потврдат. Лично ви го дадов и законот, лично ви ги дадов и мислењата на Венецијанската комисија, лично ви ги дадов и компаративните искуства од другите земји. Дали прв пат се среќавате или не се среќавате прв пат, што апсолутно не е точно.

И втора работа, мислам кога веќе се говори за овие прашања, не знам дали ги имате во предвид компаративните искуства, еве овде јас имам од Венецијанската комисија определен кодекс на добри практики за изборни кампањи каде што овде на страна 21, во делот 2.4. Еднаквост на националните малцинства каде што се говори дека посебно на националните малцинства им е дозволено да оформуваат политички партии. Одредени мерки се преземени со цел да се обезбеди минимум застапеност на малцинствата или преку резервирани места за нив и наведува во кои држави тоа е обезбедено. Зошто тоа да не биде обезбедено во Република Македонија. Тоа апсолутно не можам да го разберам.

Или што се однесува до мислењето од Венецијанската комисија за кое веќе наведов дека ви го дадов и го имате, сакам да ви кажам дека упорно се инзнесува една невистина,а имено Република Македонија нема капацитет да спроведе избори на дијаспората. Јас мислам дека тоа никаде - и се чини обид да се прикаже како да е тоа кажано во мислењето на Венецијанската комисија. Јас ве молам да ни го прочитате тоа, да го најдете во овој извештај и да ми кажете каде стои дека Република Македонија нема капацитет да спроведе изори во дијаспората. Тоа ве молам, да ни го кажете. Но, само уште едно нешто да ви кажам каде што во мислењето на Венецијанската комисија има дури и многу дури пофлексибилни решенија отколку што се предложени во законот, а имено сека ќе ви кажам само две, три работи. Бидејќи, предложениот текст сугерира дека дипломатскиот персонал и просториите ќе бидат искористени за гласање во странство, лимитирани на 50 на 45 дипломатски претставништва, вика внимавајте на ова, "внимание би требало да се обрне на воспоставување на додатни избирачки места на локации каде одредена група на граѓани направиле барање за воспоставување на гласачко место. Не го негираат тоа право за гласаат во дипломатско конзуларните претставништва дури кажуваат и пофлексибилно да се најдат и други места таму граѓаните каде што живеат или работат. Или сега ова прашање околу избирачките одбори за кое што се дига многу големи зборови се кажуваат, тоа многу ќе кошта финансиски, тоа ќе биде многу скапо, дали интересот ќе го издржи Република Македонија, само јас да ги потсетам тие критичари, колкави и какви се дознаките на нашите граѓани кои живеат и работат во странство, во банкарските институции нека проверат па нека проценат дали финансиските сретства што ќе ги одвои Република Македонија за гласање на дијаспората се оправдани или се неоправдани. Но, она што сакам да ви го кажам околу избирачките одбори денес што се наведува во извештајот на Венецијанската комисија. Треба, цитирам: да се разгледа можноста за размена на персоналот помеѓу дипломатските претставништва и Министерството за надворешни работи, така што членовите на комисиите би можеле да се регрутираат од редовите на граѓаните кои се на располагање во соседната земја. Било по препорака на партиите или за секој случај посебно.

И второ прашање, околу тоа, дали ќе се обезбеди надзор, дали ќе се обезбеди партиите да можат да имаат определена функција да ги надгледуваат изборите. Еве што се говори во мислењето на Венецијанската комисија. Дури, цитирам: и да е потешко за партите да обезбедат претставници во странство тоа не е невозможно. И партиите би можеле да имаат нивни симпатизери кои живеат во странство и тие би можеле да бидат акредитирани како лица на претставници. Сите мерки треба да се превземат да се поканат и да се вклучат такви претставници и посматрачи. Тоа се мислењата на Венецијанската комисија, вие ги имате тие мислења. Јас бидејќи би сакал би ви ги прочитал некои од овие делови заради тоа да не се изврτуваат, да не им се дава некоја конотација која што апсолутно не е вистинита, а гледам таква тенденција постои да се искривуваат фактите, да се изведуваат некакви заклучоци произволни, кои апсолутно не одговараат на она што е мислењето на Венецијанската комисија. Венецијанската комисија на самиот почеток говори, мерките да им се дозволи на граѓаните на привремен престој во странство да гласаат, беа имплементирани во голем број земји, не е ексклкузивитет тоа во Република Македонија. На крајот на краиштата од што треба да се плашиме ние. Да се плашиме од нашите граѓани, нашите браќа и сестри кои живеат во странство. Од тоа треба да се плашиме? И на крајот на краиштата, мислам дека Република Македонија веќе е крајно време да обезбеди за овие лица како што овде беше кажано, да имаат линкс со татковината, да имаат тројца претставници во овој Парламент кој што ќе следат рамноправно, кој што ќе ги изнесуваат нивните ставови и нивните мисления и на кој начин ќе се обезбеди така да кажам, и во овој законодавен дом да проструи дел од она што треба да значи демократски процеси, не само тука во Република Македонија и меѓу граѓаните кои живеат и работат во странство. Ние тоа право нив не можеме да им го одземеме.

И затоа мислам дека овие сугестии што ги дадов... (Реакции од место) немам време.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, има уште две минути.

**Михајло Манвевски:** Е, сега околу тоа има ли или нема време, ако ние за 6 продолженија успеавме да поминеме 6 точки 6 дена, 6 дена по 107 овде секогаш се забележани овде на дисплејот, тогаш поставете си го прашањето колку тоа чини. Од кога ќе си го поставете тоа прашање тогаш ќе одговорите и на прашањето

колку чини финансирањето на изборите во странство.

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам, тишина ве молам.

**Михалјо Маневски:** А, не ви одговара тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, благодарам господине минстре.

Процедурално, кој беше за процедурално тие имаат предност.

(Галама во салата)

Се извинувам, се извинувам, имаме време, по една минута, но допуштам процедурална интервенција побарана од страна на Грковска да ја чуеме и потоа ќе го преклучуваме денешното заседание.

Повелете уште вашата процедурална интервенција.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, мислам дека требаше да го опомenete министерот заради тоа што неговата нервоза која очигледно е предизвикана од притисокот на домашната и меѓународната јавност, бидејќи не се спроведуваат реформи во судството заради кои сме опоменати од сите дека не се спроведуваат во Република Македонија, дека не треба да истура врз пратениците и дека не пратениците, туку министерот е тој кој нема никакво право од собраниската говорница да држи лекции на пратениците какви говори ќе имаат и да ги навредува со секакви погрдни зборови. За жал, министерот Маневски се придружи на господинот Трајко Славески кој досега го имаше ексклузивното право да ги навредува пратениците од говорницата, меѓутоа, сакам во оваа прилика да им порачам и на двајцата, меѓутоа и на сите оние кои сакаат да се приклучат на нивта група дека ни е ова салата во која треба да ги истураат своите фрустрации и нервози заради нивната неспоспособност и дека ваквиот настап можат да си го задржат за во Владата и на ваков начин да му се обратат на Груевски заради тоа што Груевски е најголемиот кочничар на реформите во Република Македонија заради тоа што инсистирав да се дебатира за прашања кои не се приоритет.

Сега не е време за Изборниот законик, туку е време за прашањата кои се дел од Европската унија и реформите кои треба да ги спроведеме за почетокот на преговорите.

Меѓутоа, очигледно, бидејќи не може министерот Маневски на ваков начин да се обрати во Владата, го истура својот без врз пратениците кои му се најмалку виновни. Ние имаме право да дебатираме за сите прашања во овој собраниски дом онака како што сметаме заради тоа што ова е место каде треба да се отвараат дискусиите и дебатите за одредени законски решенија.

Вие како министер имате право да седите, да молчите и да ги коментирате нашите аргументи, меѓутоа не и да не навредувате и да давате образложенија на прашањата кои ние ги бараме од вас, а не да ја злоупотребувате говорницата за политички ефтини трикови и најмалку да не навредувате и да не карате затоа што сте тука гостин во овој собраниски дом. Тоа треба да го запамтите еднаш за секогаш.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, мојот одговор ќе биде краток, бидејќи времето за денешната седница измина, мислам дека министерот овде има ролја, јас не го заклучувам претресот, ја привршувам седницата, според тоа, тоа е мое право, ве молам не ми упаѓајте во збор, морам да одговорам според Деловникот на процедурална интервенција која ја дадов мимо времето за да се разбереме како луѓе.

Прво, министерот настапува во својство на предлагач и како што добро знаете тој секогаш има предност кога и да побара збор треба да му се даде збор.

Второ, нервозата чинам, не морам да сум во право, вашата нервоза беше поголема од нервозата на министерот.

Според тоа, тоа се прашања на некакви оценки.

Денеска овде го завршуваме денешното заседание.

По истата тема, по истата седница, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,31 часот)